РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Универзитет „Гаврило Романович Державин”

Правен факултет



МАГИСТЕРСКА ТЕЗА

Нематеријална штета

Кандидат:

Дарко Хаци-Еленов

Ментор:

проф. д-р Александар Илиевски

СОДРЖИНА:

ВОВЕД 2

ЗАКОНСКО РЕГУЛИРАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ НА НЕМАТЕРИЈАЛНАТА ШТЕТА 3

ОБЛИЦИ НА НАДОМЕСТ НА НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА И ПРАВНИ ПРЕТПОСТАВКИ ЗА НЕЈЗИНО ДОСУДУВАЊЕ 4

НАДОМЕСТУВАЊЕ НА НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА ПРЕКУ МОРАЛНА САТИСФАКЦИЈА 5

МАКЕДОНСКА ЛЕГИСЛАТИВА ЗА НЕМАТЕРИЈАЛНИ ШТЕТИ НАСТАНАТИ ВО СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ 7

ПОИМ ЗА НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА СПОРЕД ЗОО 11

НАДОМЕСТ НА НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА ПРЕКУ ПРАВИЧЕН ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК 12

ОСНОВИ ЗА ДОСУДУВАЊЕ НА СПРАВЕДЛИВ ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК 13

ОД СУДСКАТА ПРАКСА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ... 24

ПРАВНА РЕГУЛАТИВА НА НЕМАТЕРИЈАЛНАТА ШТЕТА ВО ГРАЃАНСКИТЕ ЗАКОНИЦИ 26

ПРАВНА РЕГУЛАТИВА НА НЕМАТЕРИЈАЛНАТА ШТЕТА ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ПРАВНИ АКТИ И МОДЕЛИ 32

ИСТОРИСКИ ОСВРТ 33

НАЧИНИ НА НАСТАНУВАЊЕ НА НЕМАТЕРИЈАЛНАТА ШТЕТА 35

СУДСКО-МЕДИЦИНСКО ВЕШТАЧЕЊЕ ЗА ПОСЛЕДИЦИТЕ НА ТЕЛЕСНИТЕ ПОВРЕДИ ВО РАМКИТЕ НА ГРАЃАНСКОТО ПРАВО 37

ПРЕСУДИ НА АПЕЛАЦИОНИ СУДОВИ И ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ЛИМИТ НА ОСИГУРИТЕЛНО ПОКРИТИЕ ПО ЕДЕН ШТЕТЕН НАСТАН 47

ЗАКЛУЧОК 60

БИБЛИОГРАФИЈА: 62

ВОВЕД

За надоместот на нематеријалната штета како правен институт во нашиот правен систем постои богата судска пракса. И покрај тоа, потребата да се анализира судската пракса со цел да се унапреди правната мисла е условена од фактот што на судовите и судството во целина, овој институт им носи "еден товар", бидејќи странките во овие спорови, често без основа им препишуваат субјективност и ја доведуваат во прашање непристрасноста на судот. Ова е така поради едноставното прашање: може ли објективно во пари да се одмерат вредности кои се тешко мерливи? Нашиот закон како предмет на овој вид штета ги определува вредностите, а кои по својата природа се духовни, психички, апстрактни, а со тоа и тешко одредливи и ги опфатил со општиот правен израз "правичен паричен надоместок", кој се досудува како надомест на нематеријална штета.

Токму затоа, да се пишува за надоместокот на нематеријалната штета, во контекст на судската пракса, главната цел е да се воедначат разликите во определениот правичен паричен надоместок, во контекст на слободното судиско уверување при досудувањето на истиот.

Исто така, постои еден многу актуелен поттик за оваа тема: се почестото обраќање на носителите на јавни функции, службени лица кои по повод вршењето на оваа професија или должност, се изложени на критика, а со тоа да почувствуваат повреда на честа и угледот. Многу е важно да се анализира за каква компензација за повреда на таа личност се определува судската пракса, низ надоместот на правичниот паричен надомест и дали во овие случаи е присутно надоместувањето на нематеријалната штета преку морална сатисфакција. Ова особено во контекст на обврската на судот преку доказната постапка да утврди, дали штетата стварно настапила за конкретната јавна личност, и ако е тоа случај, на кој начин да се утврди нејзината висина и начин на надоместување, со цел да се индивидуализира таа штета.

ЗАКОНСКО РЕГУЛИРАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ НА НЕМАТЕРИЈАЛНАТА ШТЕТА

Нашето законодавство одамна го познава институтот на надомест на нематеријална штета, а со нивелирањето на ЗОО од 2008 година односно со донесувањето на измените и дополненијата на ЗОО се пристапи и кон подетално определување на квалификаторните околности кои го оправдуваат досудувањето на справедливиот паричен надоместок за претрепена нематеријална штета. Поимот, што претставува нематеријална штета, го определува законот, според кој: "Нематеријална штета е штета нанесена од повреда на личните права, на физичко или правно лице за претрепен физички бол, претрпени душевни болки и поради намалување на животната активност, нагрденост и претрпен страв". При вака дефинираната нематеријална штета, може да се постави забелешка дека всушност овој вид штета може да го трпат само физички лица, а во секојдневната судска пракса се среќава истата да биде нанесена на правни лица. Исто така, во случај на повреда на личноста, судот може да досуди нематеријална штета заради повредената чест и угледот на конкретно лице. Во досегашната судска пракса, која е втемелена на основа на примената на Законот за облигационите односи, правичниот паричен надоместок како облик на надоместување на нематеријалната штета, најчесто се нарекува сатисфакција или задоволување за нанесената штета.[1] Всушност, најчесто се употребуваше терминот "правичен паричен надомест", чија смисла беше да се овозможи задоволување или сатисфакција на оштетениот. Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за облигациони односи, се воведува нова одредба, која носи наслов "заштита на личните права", со која на нов начин е поставен надоместокот на нематеријалната штета. Па така, направено е дефинирање на институтот на лични права на начин што за секое правно или физичко лице покрај заштитата на имотните права, законот конституира и право на заштита на личните права, за кој смета дека му се повредени. Притоа, во измените е пристапено кон набројувањето на личните права кои се предмет на заштита и како такви се подразбираат: правото на живот, на телесно и душевно здравје, чест, углед, достоинство, лично име, приватност на личниот и

[1] Радишић Ј., Облигационо право – општи део, Београд, 2004, стр. 183, исто и Vućković M., Obligaciono pravo, Novi Sad, 1988

семејниот живот, слобода, интелектуално творештво и други лични права.[2] Повторно да нагласиме дека, заштита на овие лични права имаат и правните лица, единствено разликата е во тоа што тие немаат заштита само на оние права кои се поврзани со биолошката суштина на физичкото лице. За правните лица како најчеста заштита е правото на добар глас и углед, односно заштита на фирмата, деловната тајна, слободата на претприемаштвото и други лични права на правните лица.[3]

ОБЛИЦИ НА НАДОМЕСТ НА НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА И ПРАВНИ ПРЕТПОСТАВКИ ЗА НЕЈЗИНО ДОСУДУВАЊЕ

Според одредбите на Законот за облигациони односи и неговите измени и дополнувања, нематеријалната штета е предвидено да се надоместува: во вид на нематеријален надомест, или како морална сатисфакција и материјално надоместување на нематеријалната штета во случаите предвидени со закон. Веќе нагласивме дека законот признава надомест на нематеријална штета само за оние правно признаени облици на нематеријална штета кои законот таксативно ги набројува, што би означувало дека во судската пракса можат да се надоместува само овој вид на нематеријална штета која е пропишана со Законот за облигациони односи и со други закони. Покрај Законот за облигациони односи, постојат и други закони кои конституираат облици на надомест на нематеријална штета.[4] Притоа, сепак да нагласиме дека овие посебни закони не ги определуваат посебните облици на нематеријална штета на која оштетениот има право на правична парична награда, односно тие не ја пропишуваат листата на обликот на надоместување, туку одредбите на овие закони се применуваат во сооднос со одредбите на Законот за облигациони односи.

[2] Kapor, Obligaciono pravo - prema beleškama sa predavanja profesora Dr M. Konstantinovića, Beograd, 1957
[3] Бајалциев Д., Вовед во правото – Право (книга втора), Куманово, 1999
[4] Vuković M., op.cit

НАДОМЕСТУВАЊЕ НА НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА ПРЕКУ МОРАЛНА САТИСФАКЦИЈА

Надоместокот на нематеријалната штета преку така наречена морална сатисфакција, се состои во пропишаната законска можност, во случај на повреда на личните права на оштетениот, покрај материјалниот надоместок, тој може да бара од судот да нареди на трошок на штетникот да се објави пресудата, односно исправката за повлекување на изјавата со која е сторена повредата на личните права на оштетениот или нешто друго, со што може да се оствари целта која се постигнува со справедлив паричен надоместок. Судската пракса не изобилува со примери за практична примена на оваа законска можност, но во секој случај таквата сатисфакција судот може да ја досуди во вид на објавување на пресудата, односно на исправката, или да нареди штетникот да ја повлече изјавата јавно, а со која изјава е сторена повреда на личноста на оштетениот.[5]

На овој начин оштетениот може да изрази дека и без надоместување на справедлив паричен надоместок ќе може да се постигне целта на надоместувањето на нематеријалната штета. Притоа, секогаш повлекувањето на одредена штетна изјава за некоја личност, со која изјава е повредена честа и угледот на таа личност е можна само тогаш кога таа се однесува на определени факти, а не во случај кога таа претставува определен вредносен суд за таа личност кој вредносен суд предизвикал омаловажување на личноста.[6] Во судската пракса многу е тешко да се определи што е она што значи вредносен суд за една личност, а притоа да не постои намера да се омаловажи таа личност, или пак да се нема таква намера. Во секој случај законот не ја забранува критиката која е наменета со намера за научна, книжевна или уметничка критика за определено дело и истата да биде во вид на сериозна критика за вршење на службена должност, или ако таа критика е изречена во вршење на новинарската професија, политичка или општествена дејност, во одбрана на некои права или одбрана на јавен интерес, а од начинот на кој таа е изнесена да не е сторена со намера за омаловажување. Се разбира дека, сите овие нијанси предизвикуваат доста тешкотии во судската пракса: Што е она што е изречено со намера за омаловажување, а што е тоа што е јавно искажано, без таа намера? Веќе наведов дека

[5] Радишић Ј., Облигационо право – општи део, Београд, 2004, стр. 183, исто и Vućković M., Obligaciono pravo, Novi Sad, 1988

[6] Универзитет Гоце Делчев Штип, Марија Амповска, Оштетно право, воведни теми, Штип 2016

постои скромна судска пракса во која е определено оштетениот да побара објавување на исправка или одговор во случај на повреда на личните права со објавување на одлуката во медиумите.[7] Ова особено ако физичко или правно лице побара од одговорното лице - уредникот на радиодифузерот бесплатно да објави исправка, односно одговор на емитувана неточна, односно нецелосна информација, со кое се повредува легитимното право или интерес на физичкото или правното лице, а со што е нарушен неговиот углед, достоинство, добар деловен глас и слично. Во нашиот правен систем посебно значење од аспект на примената на надоместувањето на нематеријалната штета преку морална сатисфакција има потпишувањето и ратификацијата на Европската конвенција за човековите права со што таа стана рамноправен извор на правото во нашата земја, како и судската пракса на Европскиот суд за човекови права во Стразбур.[8] Со овие документи се обезбеди поширока гаранција на правото на слобода за изразување заштита која треба да ја обезбедат независни и непристрасни судови предвидено во членот 10 од Конвенцијата. Овие два релевантни меѓународни правни извори се од особено значење за современата правна мисла, поради утврдените гаранции на дозволената критика за работата на носителите на јавни овластувања, чии рамки се гарантираат со правата на слободно изразување предвидено со членот 10 од Конвецијата за заштита на човековите права.[9]

Гаранциите на дозволената критика за политичарите како јавни личности се пошироки во однос на обичните граѓани односно од останатите јавни личности. Работата на избраните претставници на граѓаните секогаш привлекува внимание, грешките на носители на јавни овластувања секогаш се предмет на оценка на јавноста и легитимна цел е да се контролира нивната работа и да се формира јавно мислење. Уште со прифаќањето на определена личност, да биде избрана од граѓаните на определена функција, таа треба да биде подготвена да покаже високо ниво на толеранција на критика на неговата работа.[10] Токму затоа, гарантираното право за слободно изразување за работата на јавните личности од новинари, стручњаци и од научната јавност, треба да продуцира поголем степен на прифаќање на критика, а тоа секако дека има влијание и при оценка на судот за

[7] Муриел Фарб – Мањан, Облигационо право 1
[8] Christian Jeorges, On the Legitimacy of Europeanising Private law, Jus Comune Lectures on European Private Law , February 2003
[9] Zimmerman, R. (2004).
[10] Саша Дукоски, Облигационо право Договори и надомест на штета, Кичево, 2015

надоместот на побаруваната штета.[11] Особено новинарите имаат клучна улога во демократското општество да пренесуваат точни информации за афирмативните активности на демократската власт, но исто така и за одделни девијации и постапки спротивни на законите, за прашања кои се од јавен интерес.[12] Секако дека не смеат да се преминат некои граници, особено во однос на угледот и правото на јавната личност, односно судот секогаш треба да проценува дали е пренесена точна и аргументирана јавна информација во согласност со етиката на новинарството, односно никогаш да не дозволи да се преминат прифатливите граници на критика.[13] Во досудувањето на надоместокот на нематеријална штета за ваков вид на дејствија како во вид на морална сатисфакција, така и во вид на справедлив паричен надоместок, секогаш судовите како извор на право потребно е да ја имаат во предвид праксата на Европскиот суд за човекови права.

МАКЕДОНСКА ЛЕГИСЛАТИВА ЗА НЕМАТЕРИЈАЛНИ ШТЕТИ НАСТАНАТИ ВО СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ

Во некои европски правни системи, надоместот на нематеријална штета е многу млада категорија на штети и постои само неколку десетлетиј , иако основите за надомест на нематеријална штета по слободна оценка се ставени уште во Римското право. Судот не само што го утврдувал основот за надомест на нематеријалната штета, туку можел по слободна оценка да одреди и износ за надомест.[14] Познатата тужба action ivuriarum, била независна од имотната штета. Гласела на извесна сума пари, а досудената сума ја одредувал судијата по свое уверување, земајќи ги во предвид сите специфични околности на случајот.[15]

[11] Ристо Речкоски, Облигационо право 2011-2012
[12] D. 9, 2, 44 Ulpianus libro quadragensimo secundo ad Sabinum
[13] Живковска Р., Општ дел на граѓанското право, Скопје 2006
[14] Andre Tunc, Штети
[15] Д-р Љубиша Милошевич "Облигационо право" Научна књига, Београд 1966

Со текот на развојот на човештвото и развитокот на граѓанската филозофија на правото, нематеријалните штети се појавиле во разни форми, збогатувани со тек на време со посебни видови, постојат и денес.[16]

Во зависност од концептот на правниот систем може да се сретнат под разни имиња. Имињата некогаш имаат рефлексија при директно превземање на поимот од странски јазици, а некогаш се кованици условени од законските формулации во другите закони на конкретниот правен систем: нематеријална штета, неимотна штета, морална штета, непарична штета, идеална, штета поради смрт, телесна повреда, нарушување на здравјето.[17]

Сеопфатност за овој вид на штета би имала латинската дефиниција pretium doloris, која би значела – цена, вредност, откуп, казна за рана, бол, страдање, мака, нервоза, сметање и слично.

Концептот за надомест на нематеријална штета со текот на време од правичниот казнен карактер, добива казнено граѓански карактер, за да во денешните правни системи отпадне во потполност казнената компонента и стане дел од граѓанската регулатива.

Надоместот за нематеријална штета во Македонија, континуирано постои со превземање на правните правила на граѓанското право од Кралска Југославија, кои се базирале на Граѓанскиот законик од Австрија од 1909.[18]

Идеолошките дилеми за постоење и вреднување на нематеријалните добра во почетниот период на социјализмот, беа разрешени со одлуките и ставовите на Врховниот суд на Југославија од 1956, 1966 и 1968 година. Со тие одлуки се дефинира и потврди постоење на нематеријални штети и правото на паричен надомест за бол поради физички повреди на телото, нарушување на угледот и честа.[19]

Во областа на осигурувањето, следејќи ги европските закони, се наложила потреба од сеопфатно законско реулирање.

---

[16] Д-р. Димитар Поп Георгиев “Облигационо право-Општ дел”Скопје 1960

[17] Проф.д-р.Гале Галев, Проф.д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска“Облигационо право” Скопје 2012

[18] Вуковиќ М., Одговорност за штети, Загреб, 1971

[19] Закон за облигациони односи. Сл . РМ.. 18/2001

Во Законот за задолжително осигурување, со воведување на задолжителното осигурување на моторните возила, се одредува и должноста на друштвата за осигурување за надомест на вкупната штета што би требало сопственикот или корисникот на возилото да му ја надомести на оштетениот. Со action directa, оштетените можат директно да ја побаруваат вкупната штета од друштвата за осигурување, а со тоа и нематеријалните штети настанати од употреба на возило.[20]

Со Законот за облигациони односи од 1978 година, веќе таксативно се наброени правнопризнатите видови на нематеријални штети. Се' што не може да се подведе под тие децидно наброени видови на нематеријална штета, нема основ за надомест. Меѓутоа, без оглед на правните дефиниции, согласно судската пракса со текот на време настануваат законски дозволени модификации во однос на видот на нематеријалната штета, кругот на лицата кои имаат право на надомест. Се создаваат подоснови кои се базираат на таксативно наброените видови на штети.

Трендот на современото европско законодавство во однос на надомест за сите видови на нематеријални штети е да се појде од една воопштена дефиниција за повреда на субјективните, лични човекови права – права на живот, физичко и духовно здравје, углед, чест, достоинство, име, приватност.[21]

Во тој контекст, при хармонизација на македонското законодавство со европските прописи, неспорно е дека ќе настанат и соодветни промени во ЗОО со што видовите на нематеријални штети да останат таксативно наброени, па ќе има лепеза на нематеријални штети какви што само поединечните животни ситуации можат да ја создадат.

Барањата за надомест на нематеријални штети кои се среќаваат во пракса, а не се од редот на таксативно наброените од чл. 189 од ЗОО, се одбиваат како неосновани. Нивното утврдно постоење се инкорпорира во основот на „намалена животна активност" така што износот за надомест се зголемува.

[20] Нацрт закон за надоместок на штета од 2001год.

[21] Судија Љубица Колиќ, Видови надомест на штета; надомест на нематеријална штета, основи и критериуми за нејзино определување, Основен суд Скопје II Скопје

Македонскиот Закон за облигациони односи го продолжува континуитетот за таксативно набројување на видовите на нематеријални штети за кои може да се досуди надомест.

Основата врз која се темели обврската за надомест на штети, а со тоа и нематеријалните штети, е првично нотирана во начелото од чл. 9 – забрана за предизвикување на штета.[22]

Санкциите од повредата на правната должност – да се не се нанесува штета на друг со активно или пасивно чинење , се предвидени во одделот 2 – причинување на штета (чл. 141 – 198).

Во глава III , оддел 1 , отсек 1 – е регулирано правото на надомест на штета (251 - 283).

Фактот дека настанала штета, претставува извор на облигационо правен однос за кој правниот поредок предвидел обврска за надомест на штетата. Со самото настанување на штетата исполнети се условите за да настапи облигационо правен однос т.е веќе постојат:

- субјекти – оштетен, штетник
- настапила штета со штетно дејствие
- постои каузалитет помеѓу дејствието и штетата
- постои основ на одговорност

Основи на одговорноста

Член 141 (ЗОО)

(1) Тој што ќе му причини штета на друг е должен да ја надомести, доколку не ќе докаже дека штетата е настанала без негова вина.
(2) За штетата причинета од предмети или дејности од кои произлегува зголемена опасност од штета за околината, се одговара без оглед на вината.
(3) За штета без оглед на вината се одговара и во други случаи предвидени со закон.

[22] http://www.jpacademy.gov.mk/upload/materijali%202015/PPP%20Doc.dr%20Neda%20Zdraveva.pdf

Основот на одговорноста за надомест на нематеријална штета е содржан во трите става од овој член:

- Субјективна одговорност (принцип на вина)
- Објективна одговорност (постоење на предмет или дејност од кои произлегува зголемена опасност од настанување на штети во околината без оглед дали постои вина кај причинителот на штетата)
- Каузалитетот помеѓу предметот (возилото) од кое произлегува зголемена опасност за штети во околината, од една страна и настанатата штета од друга, се основните елементи за надомест на нематеријална штета.

Општата поставка, применета кај надоместот на нематеријални штети настанати од моторни возила во движење, е спој помеѓу субјективната и објективната вина на субјектите – штетник, оштетен т.е трето лице.[23]

ПОИМ ЗА НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА СПОРЕД ЗОО

Штета

Штетата е намалување на нечиј имот (обична штета) и спречувањето на негово зголемување (испуштена корист) како и нанесувањето на друга физичка или душевна болка или страв (нематеријална штета).

Значи, според основната дефиниција на нематеријална штета, за да постои право на надомест, треба да постои нанесување на физичка болка, душевна болка или страв. При исполнување на еден вид или два вида или сите заедно – настапила нематеријална штета.

[23] http://www.vsrm.mk/wps/portal/osbitola

НАДОМЕСТ НА НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА ПРЕКУ ПРАВИЧЕН ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК

Кога судот ќе утврди дека оштетениот има право на надомест на нематеријална штета, при определувањето на висината на тој надоместок веднаш пред себе го поставува извонредно сложеното прашање за утврдување на објективни стручни, а потоа правни критериуми според кој би се оценувала дали воопшто постои право на оштетениот на таков надоместок, а потоа и колкав паричен износ да се досуди на истиот.

Притоа, стручниот наод на вештите лица, судот секогаш има обврска да го преоценува, бидејќи последниот збор за определување на висината на надоместокот на нематеријалната штета и другите елементи кои влијаат врз нејзиното досудување, го има судот. Во досегашното законодавство, по однос на оштетното право нема систематизирани одредби за утврдување на висината на нематеријалната штета на лицата и дека досега не се најдени релативно едноставни формули кои би ја олесниле улогата на судот за да ја определи висината на надоместокот на штетата на уништениот или оштетениот предмет. Законодавецот на многу земји нема донесено прецизни норми за утврдување на обесштетувањето на оштетениот.[24] Така е и кај нас, поради што кога судовите ја утврдуваат висината на надоместокот на нематеријална штета, се раководат исклучиво од слободното судиско проценување, кое како право во нашиот правен систем е поставено широко. Сето тоа резултира со последица по исти основ да имаме досудено различни парични износи кои во судската пракса на Република Македонија единствено Врховниот суд на Република Македонија преку усогласувањето на судската пракса, ги усмерува пониските судови на единствена примена на законот. На различна судска практика од оваа област како и на големи разлики во мислењата на медицинските стручњаци за последиците кои за своето здравје ги претрпел оштетениот од сообраќајна незгода (како најчест основ за побарување на нематеријална штета), често се укажува и во содржината на правните лекови но и на стручните и научни расправи кои се водат на оваа тема. Токму непостоењето на објективизирани и општо прифатени медицински критериуми при проценувањето на последиците за здравјето на оштетениот е од извонредно значење, посебно за оцената на судот во врска со определувањето на висината

[24] http://www.docstoc.com/docs/3830543/Compensation-for-Personal-Injury-in-France-byMichel-Cannarsa-Research

на справедливиот правичен надоместок. [25]Поради тоа, оправдани се залагањата да се создаде најпрвин организирана судска пракса, со што во значителна мера би се придонело и кон правната еднаквост на оштетените. Ова, затоа што во случај на спор, судовите би можеле покритично да ги оценуваат наодите и мислењата на судските вештаци, а потоа да пресудуваат дали постои право на надомест на штета и во кој износ таа да биде досудена. Според тоа, објективноста, општата прифатеност и воедначеност на медицинската пракса од една страна и востановување на уредна судска пракса, сметам дека е главна претпоставка за поквалитетно и пообјективно определување на висината на правичниот паричен надоместок, а со тоа и за пообјективно судење и зголемување на угледот на судството во оваа област. По овој основ судовите можат да досудуваат кога за тоа се исполнети законските услови како справедлив паричен надомест, но и надомест во вид на морална сатисфакција. [26]

ОСНОВИ ЗА ДОСУДУВАЊЕ НА СПРАВЕДЛИВ ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК

а.ФИЗИЧКА БОЛКА

Основ за досудување на надомест за физичка болка е Законот за облигациони односи, според кои оштетениот има право на тој вид на надоместок, ако судот најде дека околностите на случајот, а особено јачината на болките и нивното траење тоа го оправдува, оштетениот да го прими овој вид на обесштетување. Во судската пракса најчесто се присутни судски одлуки во кои се досудува паричен надоместок за штети поради физичка болка, која што е предизвикана поради физичко повредување во сообраќајни незгоди, но и поради друг вид на кривични дела кои се извршени со различни облици на насилство. Во утврдувањето на овој вид на надомест, судот секогаш ги зема во предвид самото времетраење на физичката болка, интензитетот на нивната јачина, а недоволно се оценуваат другите околности на случајот од кои зависи примената на правото, особено висината на надоместокот. Значи, при определувањето на висината на правичниот паричен надоместок на материјална штета поради претрпени физички болки,

[25] https://cig.com.mk/shteta-vidovi-i-nadomest/

[26] Радбрух Г.: Филозофија на право, стр. 167, Скопје, 2008

се оценуваат сите околности, но како што нагласив најважна е должината на времетраењето, интензитетот на физичката болка. Дали и под кои услови може да се смета дека некој претрпува интензивен бол е предмет на оцена од страна на вешто лице. Притоа, болките можат да бидат во вид на физичка болка или во вид на душевна болка поради намалена животна активност, што како форми се најчести во судската пракса. Од извршената анализа на судската пракса, како околности кои влијаат судот да досуди поголем или помал износ на надомест за претрпени физички болки, најчесто судовите го ценеле текот на лекувањето, должината, интензитетот на болките кои што оштетениот ги трпел поради нанесената повреда. Меѓу другите околности кои што влијаат на висината на штетата, кои се земаат во предвид се должината на траење на имобилизацијата, дополнителната рехабилитација на оштетениот и слично.[27] Судската пракса во однос на физичката болка, зема дали станува збор за повреди од лесни или за тешки телесни повреди и аномалиите кој оштетениот ги здобил со нанесената телесна повреда. Се разбира дека при определувањето на висината на надоместокот судот секогаш тргнува од некои објективно утврдени критериуми за карактерот на повредата, причината и траењето на болките, и притоа покрај тоа што судот доминантно го цени медицинското вештачење, во судската пракса се потпира и на другите докази според своето слободно судиско убедување. Постојат примери во странската судска пракса, со цел да се објективизираат критериумите за определување на интензитетот и должината на физичката болка, а во согласност со тоа и висината на паричниот надоместок на штетата за претрпената болка, направени се обиди за утврдување на критериуми за определување на справедлив паричен надомест, што кај нас тоа не е случај. Судовите во Република Македонија при досудувањето на штетата, најчесто се потпираат на вештачењата кои медицинските стручњаци, ги систематизираат болките како јаки, средни и слаби болки и во зависност од тоа за каков вид на болка станува збор зависи и висината на штетата. Праксата покажува дека судовите недоволно ги користат своите процесни овластувања да раководат со вештачењето, односно во наредбата за вештачење попрецизно да ги определат рамките на стручниот наод и мислење на вештото лице, а потоа и да извршат критична преоценка на вештачењето во контекст на другите докази според своето слободно судско уверување.

[27] Билтен на Судската пракса, Апелационен Суд Штип, Штип, Јуни 2013, стр.391

б. ДУШЕВНИ БОЛКИ ПОРАДИ НАМАЛЕНА ЖИВОТНА АКТИВНОСТ

Претрпените душевни болки поради намалена животна активност исто така претставуваат основ за надоместување на паричен надомест за нематеријална штета и тие најчесто настапуваат како последица на телесна повреда на оштетениот. Телесната повреда сама по себе бара ваков облик на надоместок, но за неговата висина потребно е да се утврди интензитетот на душевната болка која што ја нанесува овој вид од телесно повредување. Со оглед на богатата судска пракса судовите при досудувањето на висината на овој вид на штета најчесто се повикуваат дека оштетениот трпи душевна болка поради претрпената телесна повреда тогаш кога тој не може да живее на вообичаениот начин на живеење како што живеел пред настанувањето на повредата ниту пак може да се определи еден подолг или пократок временски период да се занимава со активностите кои претходно во слободното време ги практицирал како што е спорт, рекреација и слично, односно нормалниот тек на животот му е намален. Заради тоа судовите во своите одлуки утврдуваат дека тој трпи душевна болка и како резултат на телесната повреда потребно е да му биде надоместен паричен надоместок за овој вид на трпење.[28] Намалената животна активност како посебна основа за надомест на штета ги опфаќа значи сите ограничувања на животните активности на оштетениот кој ги остварувал во текот на претходниот живот пред да биде телесно повреден, а по настапувањето на повредите настанало ограничување на тие животни радости или пак тој досегашниот начин на живеење го извршувал зголемување на напорите или под посебни околности. Од анализата на образложението на конкретни судски одлуки произлегува дека душевна болка поради намалена активност настапува тогаш кога постои свест кај оштетениот дека неговата животна активност е намалена, а со тоа настапила душевна болка поради таквата негова животна состојба. За надоместокот на овој вид на штета најчесто во доказната постапка судовите се потпираат на медицинско вештачење со кое се утврдува намалената животна активност на оштетениот. Вештото лице ги утврдува сите последици поради кои настапила намалување на животната активност на оштетениот. Висината на нематеријалната штета по овој основ зависи од јачината и траењето на душевната болка исто така оваа околност ја определува

[28] Д-р. Димитар Поп Георгиев “Облигационо право-Општ дел”Скопје 1960

вешто лице од медицинска струка, а судот по своето слободно судско уверување утврдува која висина на штета претставува нормална сатисфакција за здобиените душевни болки по овој основ. Тука најчесто спаѓа степенот на инвалидитетот, јачината на инвалидитетот, временското траење на последиците, животната возраст на оштетениот, неговото поранешно занимање и дали сега има пречки во остварувањето на тоа занимање. Обично судовите при вештачењето бараат вештото лице да определи процент на инвалидитет што настапил кај оштетениот. Тоа најчесто го определува вештак од медицинска струка, но понекогаш е потребно и консултација од други струки бидејќи намалената животна активност не ја чини само настапената инвалидност. За одбележување е фактот дека висината на надоместокот на штетата покрај степенот на инвалидитетот, медицинскиот третман, времетраењето на рехабилитацијата и слично влијание, влијание има и староста на оштетениот, неговата професија, односно дали таа намалена животна активност влијаела и врз обавувањето на професионалните задачи. Се разбира дека судовите при оценка на сите овие аспекти се раководат од природниот тек на нештата во животот, па така оценуваат дека помладите особи подолго време ќе чувствуваат душевна болка поради намалена животна активност бидејќи се очекува дека ќе имаат по природата на работите подолг живот. Така своевидно влијание имаат како што нагласив професијата како важен елемент врз кој се определува висината на душевната болка, особено кај лица кај кои физичкиот изглед е дел од професионалното обавување на нивното занимање (балерини, глумици, манекенки, фотомодели и слично).[29]

в. НАГРДЕНОСТ

Посебен основ за надоместување на нематеријална штета е претрпената душевна болка поради нагрденост и таа може да се определи како нарушување на дотогашниот надворешен изглед на лицето но оштетениот, а исто така нагрдеността може да се одрази и кон нарушување на некои телесни функции. И овој вид на надоместок судот го определува врз основа на медицинско вештачење, а како околности кои влијаат врз висината на овој надоместок е измената на надворешниот изглед, времетраењето, местото каде што се

[29] Д-р Љубиша Милошевич “Облигационо право” Научна књига, Београд 1966

наоѓа нагрдеността дали е изложена на очите на јавноста во секојдневното живеење. Од влијание е и оценката дали здобиените лузни од телесните повреди предизвикуваат непријатност во комуникацијата со околината, односно дали предизвикуваат одвратност на околината, чувство на сожалување и други негативни реакции во средината во која што оштетениот дотогаш живеел и ќе живее. Медицинските стручњаци и за нарушувањето на нарушениот изглед степенуваат интензитет на нагрденост од среден и слаб, кое може со козметички средства да биде намалено, но исто така и нагрденост која е со силен интензитет и која не може да биде поправена на овој начин. При оценката на интензитетот на нагрденоста судовите најчесто според своето слободно судиско уверување покрај медицинското вештачење најчесто ги земаат во предвид етичките и културните обичаи на средината во кое што повредената лице дотогаш живеело, неговата возраст и повторно од особено значење е да се нагласи дека судовите признаваат поголем износ на надомест кај децата, младите особи и девојките, отколку кај постарите лица. Исто така и професијата има влијание на висината на надоместокот поради нагрденост така да кај некои професии на пример како е погоре изнесено видливата нагрденост може да има влијание врз натамошното обавување на дотогашната професија, поради што и висината на надоместокот по овој основ е поголема. Општо земено, судот при досудувањето на правичен паричен надоместок за нагрденост секогаш цени колку му е изменет изгледот и функцијата на телото, ликот на оштетениот, односно да настанале деформитети на телото, поради кои му се нарушени животните функции и нагрденост на ликот поради кои просечен човек би се чувствувал непријатно пред другите во околината во која што живее.

г. СТРАВ

Определување на нематеријална штета како правичен паричен надоместок поради предизвиканиот страв од телесното оштетување или со други дејствија како посебен облик на душевно пореметување, е честа основа во судската пракса. Притоа, потребно е да се нагласи дека стравот секогаш треба да биде интензивен, а пореметувањето исто така треба да има трајна природа и влијание врз идниот живот на оштетениот. За да биде досуден надомест на штета во вид на справедлив паричен надомест поради претрпен страв потребно е истиот да траел со определено времетраење кој бил почувствуван во определен

временски период или пак да станува збор за страв кој ќе има последици врз целокупниот живот на оштетениот. Така и стравот го оценуваат медицински стручњаци невропсихијатри и тие даваат елементи врз основа на кои се одлучува за основаноста на барањето за справедлив паричен надоместок поради претрпениот страв. Се разбира дека и во овој случај судовите според своето слободно судиско убедување го определуваат фактот дали стравот е од примарно или секундарна природа како разултат на последиците на други повреди во зависност од тоа дали станува збор за едниот или за другиот се определува поголема или помала висина на досудената парична сатисфакција. Судската пракса признава право на справедлив паричен надоместок заради душевен бол и страв кој оштетениот го трпи и поради неизвесните резултати на лекувањето поради кои дошло до пореметување на психичката рамнотежа во секојдневното живеење на таа личност. Така на пример, постои посебна правна основа за надомест на штета, дали оштетениот трпел долго страв во текот на лекувањето и притоа секогаш бил во неизвесност каков ќе биде исходот од тоа лекување и дали тоа ќе остави трајни последици врз неговиот живот или со лекувањето ќе бидат санирани сите последици.

д. ДУШЕВНА БОЛКА ПОРАДИ СМРТ НА БЛИСКА ОСОБА И ОСОБЕНО ТЕЖОК ИНВАЛИДИТЕТ НА БЛИСКА ОСОБА

Во случај на смрт на родителите или децата на припрадниците на семејството им припаѓа надоместок на нематеријална штета. Притоа нашиот закон се определува за определување на паричен надоместок за душевни болки на детето поради смртта на родителите, исто така и на родителите поради смрт на дете. Судската пракса познава повеќе видови на парична сатисфакција во случај на смрт или тежок инвалидитет на блиска особа. Па така кругот на лицата кои имаат право на надоместок од овој вид се: брачниот другар, децата или родителите како членови на потесното семејство, браќата и сестрите на поѓинатата особа ако живеела во заедничка семејна заедница, вонбрачниот другар на умрената особа ако помеѓу нив постоела трајна заедница на живот. Право на парична сатисфакција за претрпени душевни болки поради особено тежок инвалидитет на определено лице повторно имаат овој круг на блиски особи, но треба да станува збор не за “тежок инвалидитет“ туку законот се определува за термин на “особено тежок

инвалидитет“. Според нашиот закон, надомест на нематеријална штета за смрт на особено блиска особа, може да се досуди и на браќата и на сестрите, ако се има предвид дека помеѓу нив и умрениот постоела трајна заедница на живот. Во овој круг е и вонбрачниот другар, доколку вонбрачната заедница траела во временски период што го определуваат други прописи. За досудување на овој вид на штета за одбележување е дека нашиот закон таксативно го определил кругот на лицата кои што се овластени да го бараат овој вид на надомест на штета, а по однос на тоа што може да биде основа за надоместување на штетата поради инвалидитет законодавецот употребил термин “особено тежок инвалидитет на блиска особа“. За тоа што смета за особено тежок инвалидитет Законот за облигациони односи не определил критериуми што значи дека судската пракса ќе ја применува оваа одредба во согласност со стручните медицински вештачења, а особено ќе се имаат во предвид и прописите за инвалидско осигурување. Секако дека при оценката што претставува “особено тежок инвалидитет“ судовите ги проценуваат надворешните манифестации на инвалидитетот на блиската особа, ангажирањето на блиските во санирањето на последиците од тешкиот инвалидитет (на пример во случај на неподвижност и целосно нарушување на важните телесни функции кои што бараат од блиските секојдневна грижа за санирање на последиците на повредениот). Во судската пракса е изразено неподелено мислење дека доколку дојде до оштетувања на мозокот а со тоа и до пропаѓање на психичките и смалување на менталните и интелектуалните функции до таа мерка да животната и работната способност на така тешко повредениот се сведува на минимални граници и секогаш прифаќаат дека таквата состојба укажува на особено тежок инвалидитет и покрај тоа што целината на телесниот изглед тоа не е видливо. Во оваа смисла од нашата судска пракса во пресуда П.бр.7/08 од 13.07.2009 година на Основниот суд во Струмица, првостепениот суд утврдил дека родителите на повредениот З.Р. претрпеле душевна болка во смисла на загриженост поради инвалидитет на нивниот син и загриженост во врска со неговагата иднина и можноста сам да се грижи за себе, да обезбедува егзистенција и таа болка судот прифатил дека претставува бол од силен интензитет, меѓутоа дека оваа душевна болка дополнително кај родителите уште повеќе се намалувала бидејќи истите дошле до сознание дека нивниот син со помош на ортопедска протеза би можел да се грижи, а и доколку сам обезбеди егзистенција и во голем процент нормален социјален живот што и се случило со неговото вработување и со продолжување

на студии на високо образовна институција. Судот утврдува дека оштетениот по завршување на лекувањето почнал да се социјализира во средината каде што живее, истиот почнал да превзема адаптивност за адаптирање на левата рака и обавување на мануелни работи бидејќи истиот бил вработен па заклучил дека јачината и времетраењето на душевниот бол кој го трпеле тужителите ако и во иднина го трпат од страна укажува дека тие имаат право на досудениот надоместок за кој судот сметал дека е правичен надомест. Во износи од по 600.000,00 денари за родителите. Со ваквото правно становиште се согласил и Апелациониот суд во Штип во пресудата ГЖ.бр.1594/09 од 09.12.2009 година и во своето образложение на таквата одлука нашол дека родителите на тужителот поради губењето на десната шака и делот од подлактицата на нивното малолетно дете З.Р. кое настапило како резултат на несоодветна лекарска грижа, долгото траење на болничкото лекување и физичкото и душевно патење на нивниот син, родителите претрпеле душевна болка која била изразена во душевно патење поради грижата за здравјето на детето и таа била изразена кога од нивна страна била донесена одлука да му се ампутира десната шака на детето за да се спаси неговиот живот. Судот наоѓа дека крајниот исход по завршувањето на лекувањето бил настапен инвалидитет на оштетениот и загриженост на родителите од таа состојба, наоѓајќи дека неговиот инвалидитет не може да се надомести од козметички и функционален аспект со ортопедска протеза. Кај родителите душевната болка постоела и според наодот на судот, таа била намалена откога родителите дошле до сознание дека со помош на ортопедската протеза нивниот син би можел да се грижи сам за себе и да обезбедува егзистенција и во голем процент да оствари нормален социјален живот. И Апелациониот суд прифаќа дека станува збор за “тежок инвалидитет“. Врз основа на овие факти по повод ревизија од туженият, Врховниот суд на Република Македонија, во својата одлука Рев.бр.799/10 од 10.11.2011 година, најде дека во конкретниот случај не станува збор за “особено тежок инвалидитет“ кој би конституирал право на родителите за надомест на нематеријална штета поради душевен бол и дека тоа право му припаѓа само на оштетениот. Притоа судот наоѓа дека пониските судови врз основа на медицинското вештачење и другите докази за инвалидноста на оштетениот наоѓа дека не станува збор за неподвижност за да оштетениот не може самиот да ги врши секојдневните потреби, да има потреба за секојдневна грижа од родителите, напротив тужителот како психички здрава особа

социјално бил активен, вработен и познат во својата околина, па судот наоѓа дека во конкретниот случај не станува збор за особено тежок инвалидитет кој конституира право на надомест на нематеријална штета и за родителите на оштетениот.За одбележување е дека при определувањето што претставува особено тежок инвалидитет судската пракса оди во правец дека ова е случај не само со нарушување на телесната целокупност и функционалноста на телото, туку особено тежок инвалидитет имаме и тогаш кога настануваат психички нарушувања како што тешко оштетување на мозокот кој што е ненадоместлив и кој е незаменлив фактор во човечкото живеење. Во судската пракса се прифаќа дека случај на особено тежок инвалидитет оштетениот има секако право на паричен надоместок бидејќи од тешкиот инвалидитет доаѓа до пореметување на физичките, менталните и интелектуалните функции а со доаѓа и до намалување на животната и работната способност на лицето кое доживеало особено тежок инвалидитет. И покрај тоа што таков надоместок по овој основ им припаѓа и на блиските особи а тоа се родителите или браќата и сестрите на особата која што доживеала особено тежок степен на инвалидност, судската пракса познава досудување на правичен паричен надоместок поради надоместот на душевна болка кај родителите, но само како што е нагласено ако станува збор за особено тежок инвалидитет и ако родителите и детето живеат во иста семејна заедница. Право на надомест на штета и има и душевно болно лице ако се утврди дека тоа лице во одредена мера трпи душевна болка која настанала како резултат на штетен настан.

ѓ. ДУШЕВНА БОЛКА ПОРАДИ ПОВРЕДА НА СЛОБОДАТА

Правото на слобода претставува еден од загарантираните уставни права. Оштетениот има право на надомест на материјална и нематеријална штета поради нарушена слобода и судската пракса изобилува со бројни случаи на нематеријална оштета заради неоправдана осуденост или неоправадано лишување од слобода. Постои богата судска пракса која на различен начин се надоместува овој вид на штета. Душевните болки поради неоправданата осуда или неоснованото лишување од слобода претставуваат основ да биде надоместена оваа штета затоа што во овој случај настапува повреда на правото на углед, чест, повреда на слободата и слично. Нашиот Закон за облигациони односи

предвидува оштетените да имаат право на надомест на таква штета и за други повреди кои изрично не се наброени но за кои настапуваат слични последици. За кои повреди станува збор одговор треба да даде судската пракса бидејќи Уставот на Република Македонија ги заштитува како темелни вредности правото на слободна мисла, на слободно изразување на мислата, на совеста, на вероисповеста, неповредливоста на домот, слободата на движење, избор на живеалиште и други права. Повредата на овие права треба да биде основа за надомест на нематеријална штета поради повреда на угледот, честа, слободата на изразување и слично и вид на надомести сеуште во судската пракса во доволна мера не се застапени иако станува збор за заштита на важни права. Овој вид на надомест на нематеријална штета е предвиден уште со Уставот според кој слободата и правата на личноста се неповредливи и заради тоа секој кој што со незаконито дејствие е лише од слобода или пак е осуден спротивно на законот има право на надмест на штета. Притоа од особено значење е да се нагласи за оваа врста на штета секогаш одговара државата поради незаконити и неправилно работење на нејзините органи и тела. Но веднаш треба да се нагласи дека самиот факт на поведување и долготрајно водење на постапката во кој што оштетениот не бил лишен од слобода сам по себе нема значење на неправилно и незаконито работење на судот или Јавното обвинителство, па и заради тоа во нашиот правен систем не постои. За овој вид на надомест на нематеријална штета како што веќе изнесовме одговорна (пасивно легитимирана) е Република Македонија. Судската пракса бележи становиште дека не припаѓа право на надомест на штета заради неосновано лишување од слобода против лице за кое е одбиено обвинението меѓутоа како сторител на казниво дејствие ако тоа лице е изречена мерка за безбедност "задолжително психијатриско лекување на слобода" не му припаѓа надоместување на нематеријална штета. Исто така на мислење сме за неосновано лишување од слобода треба да одговара државата и тогаш кога во случај на терористички акти одредени групи лушуваат од слобода граѓани на начин што истите ги киднапираат во затворен простор држејќи ги како заложници. Во смисла на надомест на нематеријална штета постојат поширок круг на права поради кои може да дојде до надоместување на овој вид на штета и тоа како правото на углед, чест, повреда на слободата и слично особено повреда на правото на авторство, бидејќи авторите имаат право на надомест на штета тогаш кога им се повредени нивните

права на име, име на нивното дело и слично. Во секој случај овој вид на надоместок мора да биде димензиониран, да биде справедлив и правичен надоместок.

е.ПРАВИЧЕН НАДОМЕСТОК ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА УГЛЕД, ДРУГИ ЛИЧНИ ПРАВА НА ПРАВНИТЕ ЛИЦА

Угледот и добриот деловен глас на определена фирма е предмет на заштита според Законот за облигациони односи. Правото на називот односно фирмата е ознака со која е определено правно лице се индивидуализира во правниот промет. Правото на заштита на фирмите не само заради нивна индивидуализација, туку и правото на називот, односно фирмата значи влијание за деловното и другото работење и спречува да дојде до мешање на правните лица. Поради тоа повредата на тоа право претставува основа на надомест на нематеријална штета. Називот односно фирмата може да се повреди со изрекување на навредливи изрази што ќе имаат влијание на личното право на углед, добар глас, чес на фирмата и повреда на правото на деловна тајна, слободата на претприемаштво и други основи можат да бидат основ за надоместување на надомест на нематеријална штета. За разлика од физичките лица при досудување на надоместот на нематеријална штета на правно лице нема да се земат на пример физички болки, душевни болки и слично туку ќе се земаат други лични права на правното лице од кое би зависело угледот на едно трговско друштво. На пример дали дошло до опаѓање на прометот на тоа правно лице, губење на пазарот, намалување на бројот на купувачите на нивните производи, понекогаш дали дошло до тоа да се намали кредибилитетот на тоа правно лице за да може да го загуби пазарот и слично. Надоместокот може да биде во вид на надомест на материјална штета но и надомест во вид на нематеријална штета. Сеуште судската пракса не познава примери кога е барано од судот да досуди парична сатисфакција на некоја фирма и истата да биде досудена поради повреда на кредибилитетот поради објавена негативна статија за нејзиното работење.Меѓутоа во иднина очекуваме дека судската пракса ќе бележи и вакви примери ќе се бара надоместок и во вид на морална сатисфакција но и во вид на нематеријална штета заради нарушениот углед на определена фирма. До формите низ кои може да биде повредено одредено правно лице се различни и тие се движат од навредливо изразување што претставува повреда на личното право на добар углед, глас, чест на таа

фирма, добри деловни односи, потоа повреда на нивната деловна тајна, деловната програма, поради изнесување на важни податоци што претставува деловна тајна за определено правно лице. Исто така основа за надомест на ваква штета може да биде, ако е загрозено и правото на слобода на претприемаштво кое како право се гарантира со Уставот на Република Македонија како и слободата на пазарот и еднаквата правна положба на сите субјекти на пазарот. Притоа тоа право може да биде повредено на различни начини со различни дејствија како што е оневозможување на стопанисување преку монополи, нелојална конкуренција и слично. Се разбира дека ова претставува нов институт, ново уредување на нематеријална штета и правните субјекти сега претставуваат во субјект во правото за надоместок на нематеријална штета. На крајот од текстот сакаме да нагласиме дека нематеријалната штета поради заштита на личните права ќе имаат физичките и правните лица и по основи кои изрично и таксативно не се наброени во членот 9 а од Законот за измените и дополненијата на Законот за облигационите односи. За тоа за какви повреди може да стане збор во секој конкретен случај ќе се изјаснува судската пракса. Дополнително може да се утврдуваат и нови форми за основните права и слободи на човекот и на граѓаните кои се пропишани не само со Уставот на Република Македонија туку и со Конвенцијата за заштита на основните човекови права кои што нагласено го гарантираат правото на слобода на мислење, изразување на мисли, слобода на совест, слобода на вероисповедување, неповредливоста на домот, слобода на движење, изборот на местото на живеење и многу други слободи и се разбира дека судската пракса ќе се темели и на праксата на Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

ОД СУДСКАТА ПРАКСА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Рев.бр.260/2008 ....."Тужителот има својство на трето лице и како таков има право да бара непосредно од осигурувачот надомест на штета по основ на осигурување од автоодговороност како задолжително осигурување, меѓутоа само доколку возачот по своја вина причинил штета на некое друго возило, во висината на полисата која се издава при ваков вид на осугурување. Туженият може да плати штета единствено во границите на

лимитот на кој се однесува полисата и тоа само доколку возачот на осигуреното возило е виновен односно има одговорност за настанатата штета“. [30]

Рев.бр.287/2007 .....“Во случај кога не постои причинска врска помеѓу констатираните повреди кај тужителот и сообраќајната незгода, односно со сигурност не е утврдено дека настанатите телесни повреди се од удар кој се случил во сообраќајна незгода за која и нема докази дека е случена на тужителот не му следува надомест на нематеријална штета“.

[31]Рев.бр.1211/2007 ..... На тужителката С.Д. сопруга на покојниот и на малолетните Е.Д. и Н.Д. им припаѓа право на надомест на нематеријална штета за претрпени душевни болки поради смрт на сопруг односно поради смрт на родител, а поаѓајќи од вештачењето правилно се утврдени висината на надоместокот за кои овој суд смета дека на тужителите ќе им ги елиминираат и ублажат психичките болки кои ги имале поради претрпени душевни болки за смрт на брачен другар и на родител. Досудените износи се реални согласно на интензитетот и времетраењето на повредената добро и за целта за кое служи тој надоместок во смисла на одредбата од член 189 од ЗОО“.

Рев.бр.1419/2008 ..... “Справедлив паричен надоместок по основ претрпени душевни болки поради смрт на блиско лице од член 190 од Законот за облигациони односи, судот наоѓа дека им припаѓа и на тужителките Т.К и Д.К сестри на покојниот поради смрт на брат на име надомест на нематеријална штета за претрпени душевни болки и досудените износи претставуваат реална сатисфакција за повредената добро.„

Рев.бр.379/2010 .....“ Досудениот износ по основ на нематеријална штета за претрпена душевна болка поради намелена животна активност, претрпен бол, страв и нагрденост и покрај медицинската квалификација на повредата како лесна телесна повреда, судот оцени дека врз висината на штетата по овие основи има влијание професијата на тужителката која е балерина (едната нога пократка за 1 см) и оваа повреда силно се одразила над професионалните ангажмани на тужителката и нејзиното професионално напредување.“

[30]Слаѓана Јовановска- Рунчевска- Правна регулатива и правна практика за надомест на нематеријална штета пред осигурителните компании во Р. Македонија

[31] Закон за облигациони односи, Службен весник на РМ бр.18/2001

Рев.бр.1259/2006 ....."Со оглед на тоа што штетата не настапила во врска со работата и извршувањето на работните задачи, за туженото друштво, нема обврска на тужителите како родителите и братот на починатиот да им исплати материјална и нематеријална штета, бидејќи смртта настапила вон работно време, како директна последица на неговото однесување со прекумерно конзумирање на алкохол".

Рев.бр.513/2010 ....." На тужителот му припаѓа право на надомест на нематеријална штета поради неосновано изречен притвор, бидејќи тужителот како млад човек за време на приведувањето и времетраењето на притворот претрпел душевна болка поради повреда на угледот, честа, слободата и правата на личноста".[32]

ПРАВНА РЕГУЛАТИВА НА НЕМАТЕРИЈАЛНАТА ШТЕТА ВО ГРАЃАНСКИТЕ ЗАКОНИЦИ

Разгледувањето на граѓанските законици во овој труд ќе го започнеме со Општиот имотен законик на Црна Гора од 1888 година од едноставна причина што во него не можевме да го сретнеме институтот нематеријалната штета, поради што ни се чини дека истата е сосема непозната категорија, иако не ја исклучуваме можноста дека постои или може да постои одредено толкување на некои од одредбите на Општиот имотен законик на Црна Гора токму во оваа насока. Во поглед на надоместот на штета според чл. 571 Општиот имотен законик на Црна Гора судот :"... треба да се придржува до основното правило: штетата потполно да се надомести," при што, под потполн надомест на штета Општиот имотен законик според чл. 923 подразбира намалување на нечиј имот кое може 3 Предмет на проучување се одредени одредби кои ги содржат наведените правни системи во однос на нематеријалната штета, но од друга страна напоменуваме дека трудот не ја исцрпува нивната севкупност и тие не треба да се сфатат како целосна слика на концептот на нематеријална штета, тука како репрезентативен пример. да се состои во намалување на веќе стекнат имот (обична штета) или спречување на негово зголемување (испуштена корист). Поаѓајќи од овие одредби можеме да заклучиме дека секоја нематеријална штета,

[32] Проф д-р Речкоски Ристо, Осигурително право

без разлика од каков случај на одговорност настанала, е ненадоместлива според овој законик исто како и секоја штета чие што причинување не може да се препише на некој вид вина (намера, крајно или обично невнимание) на одредено лице. Во Италијанскиот граѓански законик од 1942 година ситуацијата со правната уреденост на нематеријалната штета е слична од причина што институтот нематеријална штета се споменува само во една одредба (чл. 2059), којашто одредба не ги уредува случаите на правна допуштеност на надомест на нематеријална штета, туку упатува на посебни правни прописи во кои треба да се бара одговорот на ова прашање. Друг заклучок кој јасно произлегува од споменатата одредба на Италијанскиот граѓански законик од 1942 година е дека нематеријалната штета може да се надомести само во одредени, законски утврдени случаи. Карактеристика која се забележува кај Италијанскиот граѓански законик, воедно е карактеристика и на останатите законици кои беа предмет на наше истражување по повод овој труд. 4 Се работи за казуистичкиот начин на определување на случаите во кои нематеријалната штета е надоместлива. Така, во правните системи, во поглед на нематеријалната штета, воглавно, не постои едно општо правило за нејзин надомест, туку бројот и видот на случаи на правна допуштеност за барање на надомест на причинета нематеријална штета е уреден со посебни норми и се однесува на ограничен број на случаи. Како исклучок во кој можеме да препознаеме еден вид на општо правило за надомест на нематеријална штета е Српскиот граѓански законик од 1844, односно § 822. Според него: "Мора да се надомести и онаа штета која настанува со повреда на слободата, честа, угледот или сопственоста на некој друг."

Со овој параграф, во кратка редакција, се споени правила од §1329 (лична слобода), §1330 (чест) и §1331 (имот, односно сопственост) од Австрискиот Општ граѓански законик од 1811. Освен општото правило, во Српскиот граѓански законик, се среќаваме и со посебни правила кои зборуваат право на надомест на нематеријална штета во специфични случаи, како што е примерот со 4 Зборуваме за Швајцарскиот граѓански законик од 1911, Холандски Граѓански законик од 1992, Граѓански законик на Руската федерација од 1994, Bürgerliche Gesetzbuch, 1896 (Германски граѓански законик). обврската да се надомести нематеријална штета која се состои во вид на претрпени болки, предвидена со § 820 од Српскиот граѓански законик (§ 1325 од Австрискиот Општ граѓански законик). Во Швајцарскиот граѓански законик ова прашање децидно е уредено

само во еден случај – во случај на смрт и телесна повреда. Овој Законик му дава на судијата право да досуди ".... на лицето кое претрпело телесна повреда или во случај на смрт на некое лице, на членовите на неговото семејство, правичен надомест на име морална штета."5 Останатите случаи кога според Законикот е дозволено да се бара надомест на нематеријална штета се уредени со чл. 49 според кој:"Лицето што ќе претрпи штета на своите лични интереси може да бара, во случај на вина на штетникот, надомест на штета, и, освен тоа сума на пари на име надомест на морална штета кога тоа е оправдано со оглед на посебната тежина на претрпената штета и вината на штетникот." Примената на оваа одредба на полето на деликтната одговорност е јасна, а она што предизвикало теоретски дискусии е нејзината примена на полето на договорната одговорност. Надомест на нематеријална штета во случај на договорна одговорност не бил дозволен во рамките на стариот Законик за облигации од 1881, па според него, согласно со чл. 116, доверителот, во случај на повреда на договорот од страна на должникот, имал право на надомест исклучиво на материјална штета. Во новиот Законик од 1911 година ова прашање е отворено со примената на чл. 99 став 3 според кој на договорната одговорност аналогно се применуваат правните правила за деликтна одговорност. Интерпретацијата на овој став од чл. 99 не била едногласна. Според едно од толкувањата, она што важи за нематеријалната штета причинета со граѓанско-правен деликт важи и за нематеријалната штета настаната со повреда на договорна обврска, па според тоа во случаите кога надомест на нематеријална штета е допуштен кај деликтната одговорност допуштен е и кај договорната. Сепак "владеачко мислење во теоријата и судската пракса е дека во случај на повреда на лични интереси право на сатисфакција постои само ако повредата на договорната обврска истовремено претставува противправно дејствие во смисла на чл. 49."6 5 Чл. 47 од Швајцарскиот Законик за облигации од 1911година 6 Klarić P.: Odštetno pravo, Zagreb, 200 , str. 245.

Холандскиот граѓански законик од 1838 година посебно внимание посветува на регулирање на инситутот нематеријална штета во рамките на договорната одговорност, односно одговорност за повреда на постоечка обврска од одреден облигационен однос. Нематеријалната штета ја нарекува pretio doloris и во чл. 6:106 точно ги утврдува случаите во кои повредената страна има право да бара надомест на нематеријална штета.

Надомест на нематеријална штета кај договрната одговорност постои во следниве случаи:

1. доколку одговорната личност имала намера да нанесе таква штета;

2. доколку повредениот трпи физички повреди или ако е повредена неговата чест или репутација или ако на друг начин е повредена неговата личност и

3. доколку штетата се состои од повреда на споменот на починатиот и ако е нанесена на брачниот партнер кој законски не е разведен од починатиот или на неговиот регистриран партнер или роднина по крв на починатиот, до втор степен на сродство, во оние случаи кога споменот на починатиот е повреден на таков начин што самиот починат, доколку би бил жив, би можел да бара надомест на штета за повреда на чест или репутација.

Во Граѓанскиот законик на Руската федерација (во натамошниот текст ГК РФ), донесен 1994 година наоѓаме поимна определба на нематеријална штета, односно морална штета според неговата терминологијата. Моралната штета ГК РФ поимно ја определува во чл. 151 ст. 1 и нејзината содржина ја затвора во рамките на "физичките и моралните страдања," а како дејствија со кои се причинува правно надоместлива морална штета ги наведува дејствијата со кои се повредуваат личните неимотни права на човекот или повреда на други нематеријални добра кои й припаѓаат на личноста, како и во други случаи утврдени со закон. Надомест за нематеријална штета може да биде определен и во случај на повреда на правото на сопственост, но само доколку е предвидено со закон за што начелна можност дава чл. 1099 т. 2. Правилата според кој се одредува висината на надоместот се содржани во ставот 2 на член 151 и според нив "... судијата го зема во предвид степенот на вина на сторителот и други значајни околности. Судот исто така е должен да го земе во предвид степенот нафизички и морални страдања, доведени во врска со индивидуалните карактеристики на лицето на кое му е причинета штета." За разлика од општото правило според кое видот на вина има значење за висината на надоместокот, кое истовремено зборува за субјективна одговорност за нематеријална штета која како услов за нејзино надоместување го бара постоењето на вина, ГК РФ познава и неколку случаи на одговорност за нематеријална штета независно од постоењета на вина, односно објективна

одговорност кои се уредени со чл. 1100. Овој член, меѓу другото, зборува и за три случаи на објективна одговорност за нематеријална штета, односно за:

1. морална штета која е резултат на повреда причинета на здравјето или на животот на едно лице од страна на екстремно опасни дејности,

2. морална штета која е резултат на клевета и

3. морална штета која е резултат на незаконска осуда, незаконско кривично гонење или незаконски притвор.

На овој начин ГК РФ на директен начин ги доведува во врска институтите на објективна одговорност и нематеријална штета и го проширува полето на примена на концептот на нематеријална штета, но сеуште го држи затворен во казуистички рамки.

Новиот пат за ослободување на концептот на нематеријална штета од казуистичките рамки во кои, како што видовме, го имаат поставено сите граѓански законици, ни го покажува Германскиот граѓански законик (во натамошниот текст BGB) од 1900 година, поточно реформата на граѓанско – правната одговорност (деликтната и договорната) која стапила во сила на 01. 08. 2002 година. Старите правила за нематеријална штета не можеле да се адаптираат на потребите на модерното живеење и на новите принципи за надоместување на нематеријална штета кои имаат далеку поширока содржина од онаа што ја имале во предвид творците на BGB. Токму затоа, најсуштествените промени кои ги донела реформата се однесуваат на проширување на опсегот на правилата за надомест на нематеријална штета, односно штета што се состои од физичка или психичка болка на страната на оштетениот. Според старите правила (стариот § 253 BGB) нематеријалната штета се надоместувала само во случаите кои биле предвидени со закон, односно само во неколку случаи. Еден ваков случај бил регулиран со § 847 BGB кој предвидувал надомест на нематеријална штета (болка или Schmerzensgeld) во случај на телесна повреда причинета со деликт. Услов за постоење на одговорност за ваквиот вид на штета според 7 Повеќе за случаите на објективна одговорност види Osakwe C.: Russian Civil Code: Parts 1-3: Text and Analysis, Russia, 2008, str. 214. оваа одредба било постоењето на вина на страната на извршителот на деликт, а во повеќето случаи на

објективна одговорност, предвидени во посебни закони, примената на оваа одредба била исклучена.

Со реформата суштински се менува правниот режим на надомест на нематеријална штета. Стариот § 847 BGB сега е заменет со нова одредба која има природа на одредба со општа применливост, а тоа е новиот § 253 (2) од BGB. Според новата општа одредба обврска за надомест (адекватна компензација) на нематеријална штета постои во сите случаи на "...повреда на телото, здравјето, слободата и на сексуалното самоопределување", независно дали се работи за одговорност заснована на вина, на објективна одговорност или на договор. Притоа, докажувањето на вина за причинување на нематеријалната штета повеќе не е услов за настанување на обврската, туку доволно е да се исполнети другите претпоставки за одговорност според правилата за објективната или договорната одговорност.

На пример, лицата кои претрпеле штета од дефективен производ, имаат право врз основа на оваа одредба да бараат надомест на нематеријална штета дури и во случај кога не постои или не може да се докаже постоењето на вина на страната на произведувачот. Според старите правила не постоел основ за поставување вакви барања, со исклучок на барањата кои можеле да се засноваат на имплементираната Директива за одговорност за производи. На овој начин, новото решение на германското право ја намалува разликата која постоеше помеѓу германското оштетно право и правните системи на другите европски земји кои, во најголем дел, се подарежливи во поглед на надоместувањето на нематеријална штета, а од друга страна воведува една новина во однос на нив, а тоа е избегнување, во одредена мера, на казуистичкиот начин на регулирање на нематеријалната штета.[33]

[33] Облигационо право, Гале Галев и Јадранка Дабовиќ- Анастасовска, Скопје, 2008

ПРАВНА РЕГУЛАТИВА НА НЕМАТЕРИЈАЛНАТА ШТЕТА ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ПРАВНИ АКТИ И МОДЕЛИ

Концептот на нематеријалната штета на меѓународно ниво го разгледуваме единствено во рамките на договорната одговорност, поточно во рамките на Виенската конвенција за 8 Magnus U.: The reform of German tort law (Working paper No: 127), Barcelona, 2003, str. 5. меѓународна продажба на стоки од 1980 (United Nations Convention on Contracts for the International Sale of Goods), во понатамошниот текст CISG, Принципите на UNIDROIT за меѓународни трговски договори од 1994 година (The UNIDROIT Principles of International Commercial Contracts) кои се означуваат и со скратеницата UPICC и Принципите на европското договорно право кои беа објавени во 1994 година, кои се означуваат со среќаваме и со случаи во кои судот не досудува надомест за нематеријална штета според CISG.

Таков е следниот пример:

Купувачот, Француска компанија, направил порачка кај продавачот, Шпанска компанија, за 8,651 пара чевли да бидат означени со трговската марка "Pierre Cardin". Продавачот негирал дека примил таква порачка и одбил да испорача. Купувачот задоцнил со доставувањето на чевлите до продажните места и 2,125 непродадени пара чевли му биле вратени. Тогаш, купувачот поднел барање во износ од 712,879f за надомест на штета поради непродадените чевли и за загуба на бренд - имиџот на компанијата. Трговскиот суд во Виена му досусил надомест на штета на купувачот за повреда на договорна обврска и за загуба на бренд – имиџот. Пресудата била обжалена од страна на продавачот. Второстепениот суд заклучи дека и двете страни ја имаат прифатено Виенската конвенција (CISG) и дека во нивниот случај одредбите на Конвенцијата се меродавно право за решавање на спорот. Судот решил дека "одбивањето на продавачот, без никаква основана причина, да ја исполни обврската да испорача и лажното изјавување дека таква порачка не е направена, претставува фундаментална повреда на договорот од страна на продавачот, согласно со article 25 of the Vienna Convention." Судот го поддржал барањето за надомест на штета претрпена како резултат на одбивањето на продавачот да ја испорача стоката и притоа се повикал на article 74 CISG. По повод барањето за надомест на нематеријалната штета, односно надомест за штета поради изгубена добра репутација

(загуба на бренд – имиџот), Апелациониот суд забележал дека таква штета не може да се досуди врз основа на CISG и го одбил таквото барање на купувачот. Во поглед на барањето за надомест на штета поради нелојална конкуренција, судот пресудил дека купувачот има право на надомест на штета поради нелојална конкуренција врз основа на француското право, кое во конкретниот случај се сметало за применливо право според одредбите на Конвенцијата. Правната теорија се обидува ова прашање да го реши со толкување на основната одредба од CISG, согласно правилата за утврдување на предвидлива штета, но се чини дека "...тестот на предвидливост може да се направи покомпатибилен за решавање на прашањето доколку се комплетира со правилата од UPICC (Art. 7. 4. 3).[34]"

Според ова правило, надомест на нематеријална штета се востановува само во случај кога таквата штета може да се утврди со разумен степен на сигурност. Ова правило се применува, како за утврдување на постоење на штетата, така и за утврдување на нејзиниот износ. Во правилата на PECL (Art. 9: 501(2)), пак го наоѓаме одговорот на прашањето за надомест на идна штета. Одговорното лице има обврска да ја надомести само онаа идна штета за која постои веројатност дека ќе настане. На судот или на арбитерот му останува задачата да ја процени, од една страна веројатноста за настанување на штетата, а од друга страна нејзиниот веројатен износ.

ИСТОРИСКИ ОСВРТ

Нематеријалната штета како правна институција е позната многу одамна. Таа се јавила како резултат на одреден степен на развој на правната наука , а и како резултат на развојот на цивилизацијата воопшто.

Познато е дека своите нематеријални интереси човекот ги штител и кога законите не ја разработувале во детали. „Задоволување на правдата" преку давање на пари било познато уште во римското право , што предизвикувал не мал револт бидејќи „со пари може да се задоволува само слуга и роб." Во периодите на постоење на таканаречена

[34] Извор: http://cisgw3.law.pace.edu/cases/991021f1.html

приватна казна, сторителот на штетата му плаќал во пари на оштетениот за да може тој да ја компензира својата штет .

Во нашата средина и не само во нашата, најтипичен пример на незаконски заснован надомест на нематеријалната штета е постоењето на крвната одмазда. Луѓето со векови барале задоволување со крв за својата душевна претрпена болка поради загуба на свој близок, барале и земале крв за да го ублажат своето страдање, иако знаеле дека болката е неизбришлива. Овој начин на задоволување и намалување на душевната болка се одржал долго време, а постои и денес во некои примитивни средини како единствен начин на морално задоволување.

Веќе низа години институцијата нематеријална штета е во рацете на државата и нејзините закони. Судските записи зборуваат дека во 1431 година во Келн, е досудена парична казна за претрпена физичка болка. Во архивата на судот во Лајпциг е пронајдена слична пресуда од 1630 година. Француската ,,dommage moral " перзистира веќе низа години.[35]

Нематеријалната штета во кодификациите на другите земји има различен третман. Во поранешниот СССР не се признавало правото за надоместување на нематеријалната штета со образложение дека ,,нематеријалните вредности и парите се неспоиви, дека со пари не е можно да се ублажи ништо, дека парите се стекнуваат само со труд и со работа." Тоа би биле основните аргументи против паричните надоместувања, со додаток дека ,,добивањето пари без работа е капиталистичка добивка." Во другите источни земји тоа право е регулирано на различни начини некаде делумно, некаде умерено, додека за полскиот закон, на пр. надоместот на нематеријалната штета, му одговара на хуманизмот на социјалистичките земји .

Во другите европски земји (Франција, Германија, Австрија, Швајцарија и др.) правото на надомест на нематеријалната штета е многу одамна присутно во нивната судска практика. Овде периодот на дискусиите околу потреба или непотребата за надомест на нематеријална штета е одамна поминат, поради што останало време за изнаоѓање на најадекватни мерила за проценатa на овој вид штета.

[35] Извор: Практика на ВСРМ за надомест на материјална штета

Во Југославија пред 1946 година, надоместувањето на нематеријалната штета „за претрпена болка (болнина), раскината веридба и ограничување на личната слобода“ е регулирана со Српскиот граѓански законик и со Општиот законик за имот на Црна Гора, кои се правени по углед на Австрискиот граѓански законик .

По 1945 година, во нашето право, како и во судската практика, под влијание на советското право не фигурираше институцијата нематеријална штета. Меѓутоа, од 1951 година со нацрт-законот за нематеријална штета, подоцна разработен во целина (1960-1961), целосно се прифатени поодделните ставови и основи во врска со овој надомест.

Во последните години (1968), организирани се повеќе советувања од проблематиката на неметаријалната штета, правени се шеми на мерилата за нејзиното проценување, збогатувани се и менувани стекнатите искуства од оваа област од правото и медицината.

Денес, надоместот на нематеријалната штета во нашето судство е стварност и тоа по никоја основа не е спорно. Меѓутоа, секогаш се спорни мерилата по кои таа се проценува во различни случаи.

НАЧИНИ НА НАСТАНУВАЊЕ НА НЕМАТЕРИЈАЛНАТА ШТЕТА

Веројатно не е можно да се набројат сите начини на кои настанува нематеријалната штета. Ова е така од причина што во судската практита се среќаваат многу несекојдневни начини на оштетување на човековиот телесен или душевен интегритет. Анализата на сопствениот материјал, како и наодите од литературата покажуваат дека во најголем број случаи, оштетувањата настануваат под влијание на овие три етиолошки фактори:

- Сообраќајни несреќи
- Повреди на работното место
- Меѓусебни физички конфликти

Сообраќајните несреќи во сопствениот материјал се застапени во повеќето од половина вештачени слуачи (68,07%). На второ место се повредите на работното место

(12,56%), а меѓусебните физички конфликт го заземаат третото место (11,70%). Останатите начини на настанување на нематеријалната штета се застапени во најмал број (7, 67 %).

Следејќи ја горната анализа, очигледна е улогата на сообраќајните несреќи во настанувањето на телесните повреди. Овој факт добива уште поголема тежина кога ќе се зема во предвид дека сообраќајните несреќи учествуваат со најголем процент во настанувањето на тешки телесни повреди (54.05 %) .

Во последните години, епидимиолошките студии за сообраќајните повреди во светот и кај нас покажуваат дека повредите и смртните случаи во сообраќајот заземаат загрижувачки размери. Зголемената сообраќајна акциденталност ја наметнува потребата за отворање на нова гранка во медицината – сообраќајна медицина чија основна задача треба да биде постојано проучување на оние фактори (пред се факторот- човек) што се од особена важност за настанување на сообраќајниот акцидент. Во доменот на интересирање на сообраќајната медицина би требало да спаѓаат и одредени психолошки , невропсихијатриски, едукативни и културални објаснувања за толку честата акциденталност, за корените во човековото однесување на патот, за неговиот однос спрема неговото моторно возило, за неговата безобзирност, за непочитувањето на туѓиот мир и туѓото достоинство, за агресивноста на возачот, за неговата невротичност и.т.н.

Урбанизацијата, индустријализацијата, новата технологија во работењето и сл. донесува нови проблеми во смисла на зголемување на бројот на телесните оштетувања на работните места.

Повредите на работното место ги носат сите карактеристики на орудието со кое повредениот секојдневно другарува. Нашите вештачени случаи покажаа дека повредувањето на работното место најчесто настануваат „ по туѓа вина “, значи не по вина на работникот, а често поради лоши хигиено-технички мерки. Материјалните загуби во вид на боледувања, лекувања и слично во сите случаи се загрижувачки, а уште повеќе загрижува постоењето на нематеријалната штета која откако ќе се докаже носи со себе и дополнителни материјални загуби (парници, отсуство од работа, административни плаќања) .

Физичките конфликти се на трето место во редоследот на етиолошките фактори за настанување на нематеријалната штета.

Речиси по правило тие се резултат на нерешени меѓучовечки односи , на нерешени имотни односи, станбени проблеми, брачни несогласувања и.т.н.

Последниве години, во зголемен број се јавуваат и други форми на нематеријална штета (вербални конфликти проследени со навреди и клевети, атаки врз човечкото достоинство).

Намалувањето на назначените етиолошки фактори во настанувањето на нематеријалната штета ќе ги намали и судските предмети во граѓанската парница. Меѓутоа, моменталната состојба во судско-медицинската практика, од овој вид повреди е таква што горното, барем засега, може да се евидентира само како надеж.[36]

СУДСКО-МЕДИЦИНСКО ВЕШТАЧЕЊЕ ЗА ПОСЛЕДИЦИТЕ НА ТЕЛЕСНИТЕ ПОВРЕДИ ВО РАМКИТЕ НА ГРАЃАНСКОТО ПРАВО

Во рамките на граѓанското право, вештачењето за последиците на телесните повреди се почесто се јавува како предмет на судко-медицинско вештачење, при што ангажирањето на судската медицина е услов за добро работење.

Сметаме дека присуството на судскиот медицинар од медицински и од правен аспект, наполно е оправдано и може слободно да се каже дека е неопходно, од причина што не му се јасни задачите од експертизата и задачите и потребите на судот.

Нашиот став е дека, судскиот медицинар никогаш не се наметнува при вештачењето, односно, наодите од разните медицинки специјалности ги користи за усогласување со законските норми. Според тоа, судскиот медицинар не дејствува одвоено, туку секогаш е во соработка со стручни лица од разни медицински профили, па кога е потребно се применува и екипно ангажирање и на повеќе медицински стручни лица, што е гаранција за точно утврдување и објективно проценување на фактите.

[36] Нематеријална штета, Агенција Академик, Скопје, 2006

Затоа, не треба да се сфати ниту како наметнување на судските медицинари, ниту како девалвирање на стручните вредности на останатите медицински стручни лица. Нивното присуство мора да се акцептира како присуство на „консултант“ од посебна медицинска област.

Во судско-медицинската практика секогаш е присутен „консултант” од разни меидицнки профили, а судско-медицинското вештачење по дефиниција подразбира соработка и за екипно ангажирање на медицинските стручњаци, што е гаранција точно да се утврдат и објективно да се проценат медицинските факти.

При вештачењето на последиците од телесни повреди, се јавува проблем во моментот кога е потребно медицински да се измерат, а особено ако се бара од лекарот последиците да ги определи со проценти. Факт е дека не постојат критериуми за прецизно применување на проценти во експертизата на последиците од телесни повреди и дека тие медицински се неприфатливи.

Вештачењето на последиците од телесни повреди се почесто се јавува како предмет на судко-медицинското вештачење, при што ангажирањето на судската медицина е услов за доброто вештачење.

Судскиот медицинар, активно учествувајќи при разните видови вештачења, тој не престанува да биде лекар, тој и натаму е лекар и лечи на друг терен.

Вештачењата од судски медицинар во кривичната постапка, веќе многу години имаат доминанто место. Денес од судкиот медцинар се бара и стручно мислење за инензитетот и времетраењето на патењата предизвикани во инкриминираниот настан, а исто така и за евентуалните последици и компликации од претрпената повреда, како присутен вид нематеријална штета.

Иако во судско-медицинскиот вештак не учестува, а и нема право во одредувањето на висината на паричниот надомест, сепак, неговото учество во парнична постапка е од непроценлива важност. Но, од друга страна, улогата и позицијата на вештакот секако не е пријатна, од причина што тука повеќе не се работи за вообичениот однос пациент - терапевт.

За жал, без оглед на сталеж и образование и тука многу често се среќаваме со мотивацијата, аггравирањето и симулација .

Паричниот надомест за нематеријалната штета според судската дефиниција претставува вид на задоволување со кое оштетениот си прибавува одредено задоволство, а со што се отстрануваат или ублажуваат штетите кои му се нанесени.

Поимите инвалидност, телесно оштетување, професионална работна и општа работна способност, општа животна способност, бол, страв, естетска изменетост, кои често пати се употребуваат, не треба да се сметаат како синоними, бидејќи секој од наведените поими има посебна содржина.[37]

ИНВАЛИДНОСТА е поим сврзан со инвалидското осигурување. Инвалидноста, според Законот за инвалидско осигурување, постои кога кај осигуреникот ќе настане губење или намалување на способноста за вршење на својата работа, кое не може да се отстрани со лекување, односно со мерки на медицинска рехабилитација.

Инвалидност постои и кога осигуреникот, поради настаната трајна промена во неговата здравствена состојба не смее понатаму да обавува работа за која, со посебни прописи е одредено дека можат да ја вршат само лица, кои исполнуваат одредени посебни услови во однос на здравствената состојба. Осигурениците кај кои настапила инвалидност се распоредуваат според преостанатата способност за вршење на својата работа и за вршење на друга соодвета работа во I, II и во III категорија на инвалидност.

Распоредувањето во категории на инвалидност се врши врз основа на утврдената инвалидност и преостанатата работна способност, а со цел да се одредат и остварат правата кои им припаѓаат на инвалидите на трудот (инвалидска пензија , професионална рехабилитација, помош за туѓа нега, заштитен додаток, вработување со соодветен материјален надомест итн). Инвалидноста не може да се пресметува во проценти.

Терминот „телесно оштетување“ , „ телесна повреда “ и „оштетување на здравјето“ , кои се релевантни за кривичното рпаво и кој несомнено претставува штета , во медицинска смисла, не влегува како таков во ѓраѓанско-правниот поим на штетата.

[37] Имотно (Граѓанско) право, Општ дел, Асен Групче, Скопје, 1985

Самото телесно оштетување како такво, не е релевантно од гледна точка на правилото за надомест, а до значење се последиците кои од него произлегуваат и во таа смисла штетите можат да бидат некогаш имотни, некогаш неимотни, а некогаш и едното и другото (на пр. намалена животна активност и изгубена заработувачка, засилени напори и материјални трошоци за лекување, физички болки и трошоци за лекување и.т.н.).

ТЕЛЕСНО ОШТЕТУВАЊЕ, според Законот за инвалидско осигурување, постои кога кај осигуреникот ќе настане губење, побитно оштетување или позначителна неспособност на одделни органи или на делови на телото, што ја отежнува нормалната активност на огранизмот и што условува поголеми напори во остварувањето на животните потреби.[38]

Телесното оштетување според Законот за инвалидско осигурување треба да биде најмалку 30% без оглед на тоа дали тоа предизвикува или не предизвикува инвалидност. Како што се гледа, поимот телесно оштетување е јасно одреден и во себе не ја содржи нужната неспособност или намалување на способноста за работа.

Телесните оштетувања се распоредуваат според тежината, а распоредувањето се врши во проценти наведени во листата на телесни оштетувања.

Распоредувањето на телесните пштетувања во степени се врши поради одредувањето право на инвалиднина, која се одредува со фиксен месечен износ.

Преку телесното оштетување, осигуреникот се здобива со право на инвалиднина , што исклучиво рпетставува надомест за телесно оштетување , причинето со нресреќа на работа или со професионално заболување и тоа претставува самостојно и единствено право на осигуреникот и надомест покрај старосна и инвалидска пензија. Висината на инвалиднината зависи од степенот на оштетувањето на здравјето и е еднаква кај сите осигуреници со ист степен на оштетување. Целта на инвалиднината е обесштетување на инвалидот за тешкотиите што ги има во животот, а материјалното обезбедување на инвалидите се посегнува со инвалидска пенција и додатоци.

[38] Закон за пензиско и инвалидско осигурување, Службен весник на Република Македонија бр.98/2012

Како што се гледа, за потребите на инвалидското право, телесните оштетувања, за разлика од инвалидноста, се изразуваат во проценти и тоа чисто по медицински критериуми: одредено оштетување се распоредува во соодветен, секогаш ист степен и се изразува со соодветен, секогаш ист процент, независно од способноста, односно неспособноста за работа, школска подготовка, квалификација, занимање, пол, возраст и.т.н.

Покрај оваа листа постои и табела за инвалидитет за одредување процент на трајната загуба на општата работна способност и истата се разликва од листата според табелата на инвалидитетот, телесното оштетување се мери од 0 до 100 % .

Листата и табелата на телесните оштетувања, која е доволно расчленета, овозможува побрза ликвидација на осигураните случаи, односно побрзо завршување на постапката во работата на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување.

Листата на телесните оштетувања во Законот за инвалидско осигурување е конципирана и обработена специјално за потребата на Заедницата за пензиско и инвалидско осигурување, со цел за пресметување на месечна рента.

Таблиците на осигурителните организации кои се задолжени за договрни осигурувања за последици од несреќен случај и листата на телесни оштетувања (која е поблизу до договорен однос) не се должни во побарувањата за надомест на нематеријална штета.

Така процентите од листата и табелата никако не можат да послужат за мерење на професионалната работна неспособност, од проста причина, што се правени за други цели.

Како на пример, може да постои голем процент на телесно оштетување но тоа да нема никакво влијание на намалувањето на професионалната работа способност и обратно. Губење на двете нозе во предел на надколениците според табелата претставува 100 % трајна загуба на општата работна способност. Во листата е наведено дека загубата на нога во ниво на подколеницата со функционална исправна чкунка, зглобови на коленото и колкот повлекува 50% телесно оштетување. Губењето на една нога или обете нозе повлекува 50% или 100% телесно оштетување. Повреда на еден прст, односно на мал

прст од левата или десна рака, според табелата повлекува 1% инвалидитет, губењето на домалиот или на среден прст од десната рака повлекува 10% , а од левата рака повлекува 8% инвалидитет. Според листата загубата на средниот, домалиот и малиот прст на шака претставува 30% телесно оштетување. Во случајов, ако се работи за виолинист, професионалната работна способност практично е сведена на нула.

Од изнесеното произлегува дека професионалната работна неспособност никако не може да се мери со процентите кои се назначени како на листата на телесните оштетувања така и во табелата на инвалидитет.

Релевантни се телесните оштетувања помалку од 30% доколку штетата која оддтука поизлегува е доволно сериозна, сериозно од гледна точка на општите правила за надомест на материјална штета. Релевантни се телесните оштетувања (поточно речено, штетните последици кои од нив произлегуваат) и за лица кои немаат статус на осигуреник на ист начин како и оние кои имаат такво својство.

Во поглед на одредувањето на работната способност не може да се одобри практиката на оние лекари- вештаци кои го земаат единствено во предвид процентот во кој е изразено телесното оштетување, од причина што ист процент телесно оштетување нема во сите случаи за последица ист обем на штета во вид на намалување на професионалната работна способност и на животната активност.

Како последица на телесното оштетување може да настане намалување на работната способност, а со тоа и за стопанисување (ако се цени од аспект на работата со која оштетниот се занимавал пред настанот) и до отежнување на нормалната животна активност и потреба од вложување поголеми напори во остварувањето на животните потреби.

Поимот „намалена општа животна способност“ е посебно прашање. За означување општа намалена животна способност се употребуваат синонимите и изразите: намалена животна способност, намалување на виталниот капацитет, намалување на општата телесна активност, телесно оштетување, општо телесно оштетување, телесно осакатување итн.

Намалувањето на општата животна способност како последица на телесно оштетување по правило претставува вид на немтеријална штета. Општата животна способност означува способност кај човекот да ги задоволи општите животни потреби и за себе да прибави посебни радости од животот. Или со други зборови, намалување на животната способност претставува на намалување на функционалноста на организмот и се јавува како губење односстно намалување на некоја животна активност, или како засилени напори во вршењето на некој животна активност. Очигледно е дека намалените животни активности и засилените напори се последица на намалувањето на функционалноста на организмот.

Намалување на општата животна способност во поголем или помал степен постои тогаш кога поради претрпена телесна повреда кај повредениот ќе настапи неможност или намалување на можноста на функционирање на органите, така што со тоа е намелена функционалноста на организмот или на еден негов дел, при што повредениот не може да врши или ограничено мже да врши или со напори и со тешкотии може да врши општа животна функција и активност, како што е движењето, вршењето на секојдневните работи во животот, вршењето на физиолошките функции, задоволувањето на другите општи и вообичаени потреби и интереси на животот итн.

Помошта на судко-медицинскиот вештак се состои во тоа што го појаснува видот на последицата за телесната повреда и нејзиното влијание во вркса со вршењето на основните животни функции ги објаснува и опишува засилените напори кои се јавуваат и кои постојат како последица на состојбата условена од претходно задобиената повреда. Користењето на проценти за засилени напори не го сметаме како најсреќно решение.

Сметаме дека секој случај посебно мора да се проучи и тоа медицински егзактно да се одредат последиците на телесната повреда на дескриптивен начин да се објаснат оштетувањата на оние функции кои служат за вршење на основните животни активности и прибавуањето елементи на животната радост и уживање.

Настојувањето по секоја цена , намалувањето на општата животна способност да се искаже со проценти претставува само произволност за да се зачува формалната страна . Под работна способност се подразбира способност на организмот да се приспособи на

барањата и на влијанијата на разните фактори од работната средина и тоа без штетни последици по здравјето. На работната способност дејствуваат многу фактори како на работната средина така и надвор од неа.

Работната способност е сложен поим при што треба посебно да се испита општата (неквалификувана) и посебно, квалификуваната работна способност. Општата (неквалификувана) работна способност, човекот ја стекнува по завршувањето на физиолошкиот развиток, а се однесува на способноста за вршење на таканаречени неквалификувани занимања. Квалификувана работна способност се стекнува со стручно образование, со соодветна практика, со вежба и со сопствено искуство.

Терминот работна способност секогаш не треба да се испоистоветува со стопанската способност. Стопанската способност претставува еден поширок поим и истата ја опфаќа како работната способност, така и работната можност односно услови за работа. На пример, некој може да биде способен за работа односно да има работна способност, но не е способен за стопанисување односно нема стопанска способност (здрави клицоносители).

Оценката на работната способност се состои во процена на карактерот и степенот на функционалното нарушување на човековиот организам како резултат на болест или повреда, утврдување на анатомски дефект во врска со вршењето на редовното занимање односно исполнувањето на сите барања што се постауваат при вршењето на одредена работа.

Намалувањето односно губењето на работната способност претставува намалување односно губење на можноста за вршење на работата, а следствено на тоа настанува намалување односно губење способност за стекнување доход. Поради тоа, намалувањето односно губењето на работната способност претставува вид на материјална штета, а нејзините елементи се други и се утврдува на друг начин отколку нематеријалната штета.

Неспособноста за работа којашто настанува како резултат на претрпена повреда не е идентична со телесното оштетување, што произведува намалување на нормалниот телесен активитет.

Неспособноста, односно намалувањето на способноста за професионалната работа, треба да се смета како губење или како намалување на способноста за работа на таканаречената своја работа која повредениот ја вршел до пред самиот настан.

Намалувањето на општата животна способност и намалувањето на професионалната способност не треба да се издразува во проценти, ниту пак при утврдувањето на намалувањето на професионалнта способност да се користи листата на телесните оштетувања и табелата за инвалидитет, бидејќи на тој начин формално и содржајно се отстапува од принципот на егзакноста на судско-медицинската експертизна работа.

Должноста на лекарот – вештак е да го утврди карактерот на повредата, нејзиниот интензитет, нејзината локализација, карактерот на последиците (привремени или трајни последици) , анатомските и функционалните пречки за нормално вршење на професијата и да го утврди каузалниот однос помеѓу повредата и настанатите последици и компликации.

Телесните повреди можат да произведат времена или трајна неспособност за работа, односно губење или делумно намалување на способноста за работа .

Терминот општа работна способност означува способност за работа воопшто, но нејзиното утврдување за судот нема практично значење, бидејќи судската практика смета дека со вештачењето се докажува само професионална, работна и општа животна способност односно неспособност. Ова не треба ригорозно да се сфати од причина што во практиката се јавуваат и случаи кои бараат решение токму по прашањето на општата работна способност (на пример, ако повредениот не е во работен однос поради својата возраст нема завршено образование или нема заврпени студии). Во експертизата за професионалната и за општата животна способност односно неспособност по претрпена повреда лекарот – вештак мора да го оцени оштетувањето на здравјето врз основа на принципите на медицинската наука и врз основа на докажаната состојба на повредениот преку уредна и егзактна медицинска документација.

Болката е субјективен елемент при задобивање на повреда и претставува специфична сетивна функција .

Физиолошки гледано, болката претставува заштитен механизам на телото и се јавува кога некое ткиво ќе се оштети и произведува рефлексно реагирање на повредениот за да ја отстрани болната дразба. Можеме да кажеме дека болката е непријатна или провоцирана реакција од различен карактер и интензитет на различни дразби. Кога тука зборуваме за болка, мислиме на физичка болка на алгичен осет на онаа болка која се јавува како резултат на различни заболувања , повредувања, оперативни потфати и.т.н.

Болката е непријатно чувство, предизвикано од различни дразби од сензибилните нерви. Болката се јавува со различен интензитет и е условена од дразбата што предизвикува од видот на повредената ткиво, од регионалната и индивидуалната осетливост на повредената лице. Меѓутоа, треба да се спомене дека некои нормални психички и соматски состојби можат да ја намалат осетливоста за болка (големиот замор , силната возбудливост) или обратно, да ја зголемат остеливоста за болка (студ, ненаспаност). Исто така и некои невропатски и психички состојби, можат да предизвикаат поголема остетливост за болка (невростенијата, хипохондријата и др.) или обратно, да ја намалат осетливоста за болка (алкохолот, афектот, ступорот). [39]

Болката може да биде од слаб, среден и од силен интензитет .

Болките може да се менуваат во текот на лекувањето, но во некои случаи болките можат да се јават во кратки или подолги временски интервали со различен интензитет и во вакви случаи болката станува трајна последица.

Различните ткива на човековото тело, различно реагираат на болка. Тука треба да се истакне дека болката не е во корелативен однос со важноста со повредениот орган. При повредата на „многу важен орган – паренхим “ на мозокот (бессензитивни патишта и региони), болката нема да биде така интензивна како на пример при една голема лацероконтузна рана на попречно пругастата мускулатура. Некои ткива воопшто, кај секого се поосетливи на болната дразба, како што е кожата, лигавиците, мускулите, париеталниот перитонеум, париеталната плеура, мозочните обвивки, периостот и др. додека пак, други ткива се помалку осетливи или воопшто не се осетливи на болка, како

[39] Закон за пензиско и инвалидско осигурување, Службен весник на Република Македонија бр.98/2012

што е висцералниот перитонеум, висцералната плеура, мозокот, срцето, бубрезите, белите дробови, црниот дроб и друго.[40]

ПРЕСУДИ НА АПЕЛАЦИОНИ СУДОВИ И ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ЛИМИТ НА ОСИГУРИТЕЛНО ПОКРИТИЕ ПО ЕДЕН ШТЕТЕН НАСТАН

Не може да се досуди износ кој го надминува лимитот на покритие во еден штетен настан без оглед на бројот оштетени лица. Ако има повеќе оштетени лица, а вкупниот надомест го надминува износот на кој е договорено осигурувањето од автомобилска одоговорност, правата на оштетени лица спрема друштвото за осигурување сразмерно се намалуваат.

Лимитот на покритие се утврдува според законот што важел во време на склучување на договорот за осигурување и според договорената осигурителна сума.

Закон за задолжително осигурување (Сл.весник на РМ бр. 88/2005 година), Закон за осигурување имот и лица (Сл.Весник на РМ 49//93) и Законот за осигурување (Сл.весник на РМ бр 49/97, 79/99, 13/001, /2001 и 2/2002),

I Врховниот суд на Р.Македонија со решение ГЗЗ бр. 176/04 и РЕВ бр. 358/04 од 15.09.2004 ги укинал пресудите П.бр 169/0 и Гж.бр. 4296 со кои на тужителите им е уважено тужбеното барање и предметот го вратил на повторно одлучување:

„Поради тоа што од страна на двата суда погрешно било применето материјалното право кога одлучиле спротивно на чл.60 ст.1, од Законот за осигурување, односно чл.64 ст.2 од истиот закон каде е предвидено дека износите на кои мора да се договори осигурување од автомобилска одговорност не можат да бидат пониски од 50 000 еур за сите други возила. А според ст.2 од истиот член обврската на друштвото за осигурување за надомест на штета по основ на осигурување од авто одговорност не може да биде

[40] http://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/steta.pdf[2017]

повисока од износите што се утврдени во ст.1 на овој член, ако со договорот за осигурување не е договорен повисок износ.

Во ставот 4 од истиот члене предвидено дека ако има повеќе оштетени лица, а цкупниот надомест го надминува износот на кој е договорено осигурувањето од автомобилска одговорност, правата на оштетените лица спрема друштвото за осигурување сразмерно се намалуваат.

Од погоре наведената одредба произлегува дека законскиот лимит на туженият АД за осигурување е 50 000 еур за сите останатите моторни и дека обврската на туженият од автоодговорност не може да биде повисока од наведениот износ, а ако има повеќе оштетени лицаа правата на оштетените лица сразмерно се намалуваат спрема друштвото за осигурување.

Во конкретниот случај двата суда одлучиле спротивно на наведената законска одредба, бидејќи не ја земале во предвид законската обврска на туженият за надомест на штета исклучиво до законски утврдениот лимит, а во конкретниот случај судот не водел сметка при одмерување на износите за надомест.

Двата суда биле должни да утврдат со сигурност што за тој настан е досега исплатено, на кого е исплатено и колку е исплатено кои факти се од суштествено значење за правилна примена на одредбата од чл.60 односно 64 од Законот за осигурување, според кој обврската на туженият од автоодговорност не може да биде повисока од 50 000 еур.

II Апелациониот суд Скопје со пресуда Гж бр 2879/06 од 27.04.2006, ја потврдил првостепената пресуда П.бр 1616/95 од 26.05.2005 со која тужбеното барање со кое се бара надомест на штета од Друштвото за осигурување го одбил како неосновано.

Неосновано во жалбата тужителот укажувал дека одлуката на Сојузниот извршен совет од 13.03.1992 година, не може да најде примена бидејќи е донесена по осамостојувањето на Р.Македонија, а сообраќајната незгода од која произлегуваат тужбените барања се случила на 09.09.1992 и дека треба да се применат прописите кои биле на сила на денот на сообраќајната незгода.

Апелациониот суд ја потврдува одлуката на првостепениот суд во однос на примена на Сојузниот пропис согласно чл.5 ст.2 од Уставниот закон, со кој е утврдено дека Сојузните прописи се применуваат до донесување на Републичкиот пропис. Републичкиот закон за осигурување на имоти и лица е донесен во 1993 г и е во сила од 09.08.1993 г.

Со примена на оваа уставна одредба Апелациониот суд потврдува дека:

- Нематеријалната штета се утврдува со примена на важечките законски прописи што важеле во време на настанување на штетниот настан.
- Обврската на Заедницата за осигурување по основ на договор за осигурување на моторни возила за штети причинети на трети лица се определува според Законот што важел во време на склучување на договорот и според договорената осигурителна сума на покритие.
- "Лимитот на обврската на Заедницата за осигурување се утврдува според вкупната штета во еден штетен настан. Износот на штетата според кој се утврдува обемот на одговорноста на осигурителното друштво се засметува така што паричната штета се зема во износот во кој настанала а непаричната материјална и нематеријална штета се утврдува според цените и критериумите во време на штетниот настан.[41]"

Висина на нематеријални штети и

сразмерен допринос,

чл. 189 и 181 – Закон за облигациони односи

Основниот суд го усвоил тужбеното барање на тужителот (оштетениот) во целост. Го намалил само за 30% сразмерно на придонесот на оштетениот.

[41] Нематеријална штета, Агенција Академик, Скопје, 2006

Второстепениот суд по жалба на тужениот ја преиначил првостепената пресуда поради погрешна примена на материјалното право во однос на висината на досудените нематеријални штети.

Ги намалил досудените износи за надомест на нематеријлна штета досудувајки справедлив паричен надомест [42].

П.БР. 401/05

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Основниот суд во Штип како првостепен суд постапувајќи по тужбата на тужителот Н.А против тужениот АДОР за надомест на штета, по одржаната главна, јавна и усна расправа на ден 02.03.2006 год. ја донесе следната:

П Р Е С У Д А

Тужбеното барање на тужителот Н.А.

-СЕ УСВОЈУВА ВО ЦЕЛОСТ.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот АДОР на тужителот Н.А да му плати по основ на надомест на нематеријална штета вкупен износ од 630.000,00 ден. од кои: за претрпени физички болки износ од 175.000,00 денари, за претрпен страв износ од 105.000,00 денари и за намалена животна активност износ од 350.000,00 денари, со законска затезна камата сметано од денот на пресудувањето 02.03.2006 годдина, до конечната исплата, како и да му ги надомести на тужителот трошоците во постапката во износ од 38.800, 00 денари, се во рок од 15 дена, по приемот на пресудата.

Образложение

[42] Ibid

Пред овој суд тужителот Н.А поднесе тужба против туженият АДОР, за надомест на штета.

Полномошникот на тужителот со писмен поднесок до овој суд го прецизира тужбеното барање и побара туженият на име нематеријална штета на тужителот да му исплати износ од 900.000,00 денари од кои за претрпен физички болки износ од 250.000,00 денари за претрпен страв износ од 150.000,00 денари и за намалена животна активност износ од 500.000,00 денари со законска затезна камата од денот на пресудувањето до конечната исплата.

На одржаната главна расправа на ден 02.03.2006 година во завршен збор, полномошникот на тужителот остана во целост на прецизираното тужбено барање со тоа што се согласи на износот од 900.000,00 денари да се пресмета придонес од 30% на оштетениот, притоа имајќи го во предвид дополнението на вештачењето. Бара тужителот да биде ослободен од плаќање на судски такси, како и трошоци по приложен трошковник.

Со писмен поднесок од 10.06.2005 година, примено во овој суд на 14.06.2005 година, туженият го оспори тужбеното барање и по основ и по висина, истакнувајќи дека не постои кривична пресуда со која би се утврдило постоењето на вина кај учесниците во сообраќајната несреќа.

На одржаното рочиште на ден 02.03.2006 год. во завршен збор, полномошникот на туженият истакна дека на тужителот му бил понуден износ од 350.000,00 денари на име надомест за претрпена штета, од кои за претрпени физички болки износ од 84.000,00 денари, за претрпен страв износ од 56.000,00 денари и за намалена животна активност износ од 210.000,00 денари, за кој износ смета дека претставува справедлив надомест имајќи го во предвид придонесот на оштетениот од 30% во настанувањето на сообраќајната несреќа.

Во доказна постапка судот изврши увид во: записник од л.м., отпусна листа од Одд. за хирургија, во извештај на специјалист, во лабораториски упат, во наод и мислење на вешто лице, во скица од увид на л.м., во наод и мислење од Диспанзер за ментално здравје – Психијатриска болница Скопје, во дополнување на вештачење од вештото лице.

Оценувајќи ги изведените докази секој посебно и сите докази заедно, во смисла на чл.8 од ЗПП, судот ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 17.03.2005 година, се случила сообраќајна несреќа во која учесници биле ПМВ Фолксваген Пасат кое било управувано од П.Т и пешакот – тужителот Н.А. При сообраќајната несреќа тужителот се здобил со тешка телесна повреда и тоа: нагмечување на мозокот, потрес на мозокот, скршеница на носните коски со посттрауматско крварење, нагмечување на меките ткива на главата и раздерно нагмечна рана на челото со гребаници по лицето и носот.

ПМВ Фолксваген Пасат било осигурано од автоодговорност кај сега туженият ДИОР.

Како последица од здобиените тешки телесни повреди при настаната сообраќајна несреќа тужителот Н:А. претрпел страв кој што се манифестирал како многу краток интензивен примарен страв пред да западне во состојба на сомнителност (длабока поспаност) која траела 1-2 часа. После будењето тој страв преминува во средно до силно интензивен секундарен страв, односно страв од инвалидност и тој страв трае за целиот период на болничкото лекување и еден месец по повредувањето. Секундарниот страв, како таков е поврзан со потешкотиите од одложената посттрауматска енцефалопатиа и е со среден интензитет до крајот на шестиот месец, а понатаму е присутен како страв со слаб до среден интензитет. Кај тужителот постои и дополнителен страв, односно невротски страв од учество во сообраќајот кој бил силен во текот на првиот месец а со слаб до среден интезитет до крајот на шестиот месец.

Во поглед на претрпениот физички бол, тужителот во периодот на сомнолентност кој траел 1-2 часа, имал затапено чувство на болка, за да по освестувањето почне јасно да ги чувствува болките од здобиените повреди. Болката се манифестира како т.н. енцефалопатска болка, интензивна главоболка која траела во текот на целото болничко лекување (две недели) за постепено да се редуцира на ниво на средно интензивна болка. Овие енцефалопатски потешкотии се со среден до силен интензитет и со поголема зачестеност до крајот на шестиот месец, а со слаб интензитет се присутни до денес. Тужителот претрпел болка од скршениците на носните коски која е со силен интензитет,

за до крајот на болничкото лекување преминува во болка од среден интензитет и после три месеци се манифестира како болка од слаб интензитет и всушност е трајна последица од скршеницата. Кај тужителот е присутна и болка од нагмечувањето на меките делови на главата која е со среден интензитет во првите 2-3 дена, а со слаб интензитет во наредната недела, за да по дваесетина дена во овие зони болките да престанат.

Кај тужителот постои и намалена животна активност која е од тежок степен во текот на првите две недели (за време на болничкиот третман), од среден степен во наредните две недели се до крајот на шестиот месец и од лесен степен во понатамошниот период па се до денес. Намалената животна активност се манифестира како изразени потешкотии при вршењето на било каква самостојна активност – одење, јадење, миење, комуникација со околината, неможност за концентрација или било каква подолготрајна ментална активност, гледање на телевизија читање, разговор со луѓе. На тужителот му е нарушено секојдневното вообичаено функционирање, а присутно е и влошување на веќе постоечките болести – покачен крвен притисок и шеќерна болест.

Од вака утврдената фактичка состојба судот донесе пресуда како во диспозитивот од следните причини:

Согласно чл.141 ст.1 од ЗОО, тој што ќе му причини штета на друг должен е да ја надомести.

Согласно чл.189 ст.1 од ЗОО за претрпени физички болки, за претрпени душевни болки поради намалување на животната активност, нагрденост и слично, како и за страв, судот, ако најде дека околностите на случајот, а особено јачината на болките и стравот и нивното траење го оправдува тоа, ќе досуди справедлив паричен надомест независно од надоместот на материјалната штета, како и во нејзино отсуство.

Во чл.189. ст.2 од ЗОО стои дека, при одлучувањето за барањето на надомест на нематеријална штета, како и за висината на нејзиниот надомест, судот ќе води сметка за значењето на повредената добро и за целта за која служи тој надомест, но и за тоа со него да не им се погодува на стремежите што не се спиви со неговата природа.

Во конкретниот случај, судот утврди дека со тоа што тужителот во настанатата сообраќајна несреќа се здобил со тешки телесни повреди, опишани погоре, тој претрпел физички бол, страв, кај него постои и намалена животна активност.

Врз основа на напред наведениот наод и мислење на вештото лице, судот утврди дека тужителот Н.А., претрпел физички болки како резултат на сообраќајната несреќа, па по тој основ има право да му биде исплатен износ од 175.000,00 денари, а туженият обврска овој износ по овој основ да го исплати, бидејќи претставува справедлив надомест во однос на интензитетот на претрпениот физички бол како последица на задобиените тешки повреди.

Врз основа на наодот и мислењето на вештото лице, судот утврдува дека во времето на самото повредување на тужителот се јавил интензивен примарен страв кој бил краткотраен поради запаѓање во состојба на длабока поспаност, кој после освестувањето преминува во силно до средно интензивен секундарен страв, кој трае и до денес, а присутен е и невротски страв од учество во сообраќајот кој во почетокот е со силен интензитет, за да потоа премине во страв од среден до слаб интензитет кој трае и денес.

Поради ова судот утврди дека туженият по основ на претрпен страв има обврска на тужителот да му исплати износ од 105.000,00 денари, за кој судот оцени дека претставува справедлив надомест во однос на интензитетот и времетраењето на претрпениот страв, како последица од задобиените тешки телесни повреди.

Во поглед на намалената животна активност, судот врз основа на вештачењето утврди дека кај тужителот истата постои во почеток од тежок степен, во наредните две недели од среден степен, а до крајот на шестиот месец до денес од лесен степен. Поради ова судот утврди дека тужителот по основ на намалена животна активност има обврска на тужителот Н.А. да му исплати износ од 350.000,00 денари, за кој судот оцедни дека претставува справедлив надомест во однос на настанатата состојба.

Согласно чл.194 и чл.181 ст.1 од ЗОО, оштетениот кој придонел штетата да биде поголема отколку би била инаку, има право на сразмерно намален износ.

Во конкретниот случај, судот утврди дека тужителот Н.А има придонес во настанувањето на сообраќајната незгода и тоа процентуално изразен од 30%. Притоа, судот го имаше во предвид дополнувањето на вештачењето на вештото лице Л.А. – дипл. сообраќаен инжинер. Според него, доприносот на пешакот – тужителот за сообраќајната незгода е 30% и истиот се состои во тоа што тој не ја проценил фактичката состојба на сите учесници во сообраќајот, односно, започнал да ја преминува улицата на необележан пешачки премин без претходно да се увери дали тоа може безбедно да го стори, односно по улицата во тој момент наидувало предметното возило.

Оттука, судот смета дека тужителот Н.А. му е причинета нематеријална штета и тоа по основ на претрпен физички бол – 250.000,00 денари за претрпен страв – 150.000,00 денари и по основ на намалена животна активност – 500.000,00 денари или вкупно по сите основи – 900.000,00 денари. Меѓутоа, притоа имајќи го во предвид и придонесот на оштетениот - тужителот во настанувањето на штетата, така утврдениот износ го намали за 30% и истиот изнесува и тоа за претрпен физички бол – 175.000,00 денари за претрпен страв – 105.000,00 денари и по основ на намалена животна активност – 350.000,00 денари или вкупно по сите основи – 630.000,00 денари.

Во однос на трошоците, судот одлучи согласно чл.145 од ЗПП и го задолжи туженият на тужителот да му исплати износ од 38.800,00 денари, од кои: за состав на тужба со 30% паушал – 3.990,00 денари за застапување на пет расправи, по 4.680,00 денари – 23.400,00 денари, за сообраќајно вештачење – 3.500,00 денари и за медицинско вештачење - 8.000,00 денари.

Основен суд Штип, 02.03.2006 година

Претседател на советот,

ГЖ бр.1003/06

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО ШТИП, по жалбата на тужениот АДОР, против пресудата на Основниот суд во Штип, П.бр.401/05 од 02.03.2006 год. на одржаната седница на ден 15.06.2006 год. ја донесе следната:

П Р Е С У Д А

Жалбата изјавена од тужениот Диор.

-СЕ УВАЖУВА

Пресудата на Основниот суд Штип П.бр.401/05 од 02.03.2006 год.

-СЕ ПРЕИНАЧУВА И ПРЕСУДУВА:

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот АДОР на тужителот Н.А. да му плати на име надомест на нематеријална штета вкупен износ од 476.000,00 ден. и тоа:

- За претрпен физички бол износ од 120.000,00 ден,
- За претрпен страв износ од 106.000,00 ден.
- За намалена животна активност 250.000,00 денари со камата согласно ЗВСЗК сметано од 02.03.2006 год. до конечна исплата, како и да му плати 38.800,00 ден. на име трошоци во постапката се во рок од 15 дена сметано од приемот на пресудата.

Во останатиот дел барањето на тужителот за надомест на нематеријална штета од досудениот износ 476.000,00 ден. до бараниот износ од 900.000,00 ден. – СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

Образложение

Основниот суд во Штип, со пресуда П.бр.401/05 од 02.03.2006 год. тужбеното барање на тужителот Н.А. го усвоил во целост.

Го задолжил туженият АДОР на тужителот Н:А. да му плати по основ на надомест на нематеријална штета вкупен износ од 630.000,00 ден. од кои: за претрпени физички болки износ од 175.000,00 ден. за претрпен страв износ од 105.000,00 ден. и за намалена животна активност износ од 350.000,00 ден. со законски затезна камата сметана од денот на пресудувањето 02.03.2006 год. до конечната исплата, како и да му ги надомести на тужителот трошоците во постапката во износ од 38.800,00 ден. а во рок од 15 дена по приемот на пресудата.

Од ваквата одлука останал незадоволен туженият АДОР кој во навремен рок поднел жалба поради суштествени повреди на одредбите од ЗПП, погрешна примена на материјалното право и поради трошоците, па предлага жалбата да се уважи, а пресудата укине и предметот врати на повторно судење.

Апелациониот суд во Штип ја разгледа жалбата и сите списи во предметот, ја испита побиваната пресуда во смисол на чл.351 од ЗПП па најде:

Жалбата е делумно основана.

Неоснован е жалбениот навод на жалителот – туженият АДОР за сторена суштествена повреда од чл.434 ст.2 т.13 од ЗПП, бидејки побиваната пресуда нема недостатоци поради кои не може да се испита.

Неоснован е жалбениот навод на тужителот за погрешна и нецелосно утврдена фактичка положба.

Првостепениот суд утврдил дека на ден 17.03.2005 год. во Штип се случила сообраќајна несреќа во која учесници биле ПМВ Фолксваген Пасат кое било управувано од П.Т. и пешако – тужителот Н.А. Во сообраќајната несреќа тужителот се здобил со тешка телесна повреда и тоа: нагмечување на мозокот, потрес на мозокот, скршеница на

носната коска со посттрауматско крварење, нагмечување на меките ткива на главата и раздерно нагмечна рана на челото со гребаници по лицето и носот.

ПМВ Фолксваген Пасат било осигурано од авто-одговорност кај сега тужениот АДОР.

Како последица од задобиената тешка телесна повреда тужителот Н.А. претрпел примарен страв интензивен пред да западне во состојба на длабока поспаност која траела еден до два часа. После будењето тој страв преминува во среде до силно интензивен секундарен страв, страв од инвалидност и тој трае за целиот период на болничкото лекување и еден месец по повредувањето. Потоа стравот преминал во среден интензитет до крајот на шестиот месец, а понатаму е присутен како страв со слаб и среден интензитет.

Во однос на физичкиот бол во периодот на сомнолентност (длабока поспаност) од 1 до 2 часа има затапено чувство на болка, а по освестувањето физичката болка траела во вид на интензивна главоболка која траела во текот на целото болничко лекување и тоа две недели, а потоа преминал во средно интензивна главоболка. Оваа болка со среден до силен интензитет и со поголема зачестеност е присутна до крајот на шестиот месец, а со слаб интензитет е присутна до денес.

Тужителот трпел физички бол од скршеницата на носната коска која е со силен интензитет, за да до крајот на болничкото лекување премине во болка од среден интензитет и после три месеци се манифестира како болка од слаб интензитет и трајна последица од скршениците. Кај тужителот е присутна и болка од нагмечување на меките делови на главата која е од среден интензитет во првите два до три дена, а со слаб интензитет во наредната недела, за да по 20 дена болката престане.

Кај тужителот постои намалена животна активност која е од тежок степен во текот на првите две недели, од среден интензитет во наредните две недели се до крајот на шестиот месец и во лесен степен во понатамошниот период па се до денес. Намалената животна активност се манифестира, како изразени потешкотии при вршење на било каква самостојна активност, одење, јадење, миење, комуникација со околината, а не можност за концентрација, гледање телевизија, читање, разговор со луѓе. На тужителот му е нарушено

секојдневното вообичаено функционирање, присутно е влошување на постоечките болести, покачен крвен притисок и шеќерна болест.

Вака утврдената фактичка состојба е целосно и правилно утврдена од изведените и правилно ценети докази.

На вака правила и целосно утврдена фактичка состојба, првостепениот суд погрешно го применил материјалното право кога досудил на тужителот нематеријална штета во висина наведена во побиваната пресуда.

Согласно чл.189 ст.1 од ЗОО за претрпени физички болки, за претрпени душевни болки поради намалување на животната активност, нагрденост, повреда на угледот, честа, слободата или правата на личноста, смрт на блиско лице, како и за страв, судот ако најде околностите на случајот, а особено јачината на болките и стравот и нивното траење го оправдува тоа, ќе досуди справедлив паричен надомест независно од надоместот на материјална штета, како и во нејзиното отсуство.

Во ст.2 од истиот член, при одлучувањето за барањето на надомест на штета, како и за висината за нејзиниот надомест, судот ќе води сметка за значењето на повреденото добро и за целта за која служи тој надомест, но и за тоа со него да не им се погодува на стремежите што не се спиви со неговата природа.

Согласно чл.181 ст.1 од ЗОО, оштетениот кој придонел штетата да настане или биде поголема отколку би била инаку, има право само на сразмерно намален износ.

Во конкретниот случај се работи за тешка телесна повреда, а со оглед на јачината на физичкиот бол и страв и намалената животна активност и нивното траење, на тужителот му следува на име нематеријална штета по трите основи вкупен износ од 680.000,00 денари. Но имајки го во предвид доприносот на тужителот во настанувањето на штетата од 30% на тужителот му следува на име нематеријална штета вкупен износ од 476.000,00 денари и тоа на име физички бол – 120.000,00 денари, на име страв 106.000,00 денари и за намалена животна активност во износ од 250.000,00 денари, што претставува справедлив паричен надомест согласно чл.189 од ЗОО.

Од тие причини тужбеното барање на тужителот за разлика од досудениот износ во износ од 476.000,00 денари по сите основи до бараниот износ од 900.000,00 денари, овој суд го одби како неосновано.

За трошоците во постапката судот одлучи согласно чл.145 од ЗПП, а со оглед на вредноста за која тужителот успеа во овој спор, на тужителот му следува трошоци во постапката во износ од 38.800,00 денари и тоа: за состав на тужба со паушал – 3.900,00 денари, за застапување на 5 расправи со паушал и саатнина – 23.400,00 денари и за вештачење – 11.500, 00 денари.

Од претходно изнесеното, а согласно чл.357 од ЗПП, се одлучи како во изреката на оваа одлука.

АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП, 15.06.2006 год, Претседател на советот

ЗАКЛУЧОК

Со секое човечко делување може како последица да дојде до настанување на штета. Штетата може да настане со со чинење, како и со не чинење од страна на луѓето, државата, организациите, здруженијата, правните субјетки, како и од животни, од опасни предмети и природни појави.

Со самото предизвикување на штета се создава обврската за нејзина надомест, односно облигација. Може да се каже дека со самиот напредок на техничката цивилизација, како и со интензивирањето на различните видови на сообраќај значително е зголемен ризикот од настанување на огромни штети и тоа како по бројноста така и по зачестеноста и обемот на штетата. Лицето кое што ќе претрпи штета има право на обесштетување. Меѓутоа, во зависност од видот на штетата, не секогаш, е можно нејзино целосно и праведно обесштетување но, сепак на оштетениот може да му се пружи барем делумна сатисфакција за претрпената штета.

Со самото тоа што имаме повеќе видови на штета, така и имаме и повеќе видови на надомест на штета. Обесштетувањето може да биде натурално, преку паричен надоместок

или преку морални и други видови на сатисфакција. Со наглиот развој на сообраќајот, а со самото тоа и секојдневното настанување на сообраќајните незгоди во енормен број се дошло до потреба од воведување на механизам за заштита во сообраќајот. Самите сообраќајни незгоди предизвикуваат повеќе видови на негативни последици. Штетата настаната од сообраќајните незгоди може да биде материјална (како на пример, оштетување на самите возила) и нематеријална (на пример болка и страв на учесниците во незгодата).

Настапувањето на штетата претставува правен основ за оштеното лице да има право да бара надомест на штетата. Како нематеријална штета во сообраќајните незгоди може да се јави претрпена физичка болка, страв, душевна болка поради намалена животна активност, поради смрт на блиско лице или тежок инвалидитет. Како материјална штета во сообраќајните незгоди, претставува различни оштетувања на моторните возила, трошоците настанати во врска со правењето на записник на оштетеното возило, пресметката на обемот на надомест на штета.

Поради специфичноста на проблематиката, законодавецот има донесено императивни норми во врска со задолжително осигурување од автомобилска одговорност на сопственикот и на корисникот на моторното возило, односно одговорност за штета која што моторните возила ќе му ја предизвикаат на трети лица во врска со нивната употреба. Како друга специфичност може да се наведе и тоа што во парничните постапки покрај одговорното лице, односно штетникот, како тужен се јавува и осигурителната компанија од кое што оштетеното лице може да бара надомест на штета.

Крајниот заклучок е дека на ниво на различни правни системи надоместот на нематеријална штета различно се определува, а разликите се неминовни и во рамките на еден правен систем. Конечната одлука ја има судијата во конкретен случај, кој истата треба да ја заснова на општите принципи и цели на отштетното право, како и посебните критериуми во законодавствотото, земајќи ги во предвид посебните околности на секој случај поединечно.

БИБЛИОГРАФИЈА:

1. Радишић Ј., Облигационо право – општи део, Београд, 2004, стр. 183, исто и Vućković M., Obligaciono pravo, Novi Sad, 1988
2. Kapor, Obligaciono pravo - prema beleškama sa predavanja profesora Dr M. Konstantinovića, Beograd, 1957
3. Бајалџиев Д., Вовед во правото – Право (книга втора), Куманово, 1999
4. Vuković M., op.cit

5. Радишић Ј., Облигационо право – општи део, Београд, 2004, стр. 183, исто и Vućković M., Obligaciono pravo, Novi Sad, 1988
6. Универзитет Гоце Делчев Штип, Марија Амповска, Оштетно право, воведни теми, Штип 2016
7. Муриел Фарб – Мањан, Облигационо право 1
8. Christian Jeorges, On the Legitimacy of Europeanising Private law, Jus Comune Lectures on European Private Law , February 2003
9. Zimmerman, R. (2004).
10. Саша Дукоски, Облигационо право Договори и надомест на штета, Кичево, 2015 Закон за облигациони односи. Сл . РМ.. 18/2001
11. Ристо Речкоски, Облигационо право 2011-2012
12. D. 9, 2, 44 Ulpianus libro quadragensimo secundo ad Sabinum
13. Живковска Р., Општ дел на граѓанското право, Скопје 2006
14. Andre Tunc, Штети
15. Д-р Љубиша Милошевич "Облигационо право" Научна књига, Београд 1966
16. Д-р. Димитар Поп Георгиев "Облигационо право-Општ дел"Скопје 1960
17. Проф.д-р.Гале Галев, Проф.д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска"Облигационо право" Скопје 2012
18. Вуковиќ М., Одговорност за штети, Загреб, 1971
19. Закон за облигациони односи. Сл . РМ.. 18/2001
20. Нацрт закон за надоместок на штета од 2001год.
21. Судија Љубица Колиќ, Видови надомест на штета; надомест на нематеријална штета, основи и критериуми за нејзино определување, Основен суд Скопје II Скопје
22. http://www.jpacademy.gov.mk/upload/materijali%202015/PPP%20Doc.dr%20Neda%20Zdraveva.pdf
23. http://www.vsrm.mk/wps/portal/osbitola
24. http://www.docstoc.com/docs/3830543/Compensation-for-Personal-Injury-in-France-byMichel-Cannarsa-Research
25. https://cig.com.mk/shteta-vidovi-i-nadomest/
26. Радбрух Г.: Филозофија на право, стр. 167, Скопје, 2008
27. Билтен на Судската пракса, Апелационен Суд Штип, Штип, Јуни 2013, стр.391
28. Д-р. Димитар Поп Георгиев "Облигационо право-Општ дел"Скопје 1960
29. Д-р Љубиша Милошевич "Облигационо право" Научна књига, Београд 1966
30. Слаѓана Јовановска- Рунчевска- Правна регулатива и правна практика за надомест на нематеријална штета пред осигурителните компании во Р. Македонија
31. Закон за облигациони односи, Службен весник на РМ бр.18/2001
32. Проф д-р Речкоски Ристо, Осигурително право
33. Облигационо право, Гале Галев и Јадранка Дабовиќ- Анастасовска, Скопје, 2008
34. http://cisgw3.law.pace.edu/cases/991021f1.html
35. Извор: Практика на ВСРМ за надомест на материјална штета
36. Нематеријална штета, Агенција Академик, Скопје, 2006
37. Имотно (Граѓанско) право, Општ дел, Асен Групче, Скопје, 1985

38. Закон за пензиско и инвалидско осигурување, Службен весник на Република Македонија бр.98/2012
39. Закон за пензиско и инвалидско осигурување, Службен весник на Република Македонија бр.98/2012
40. http://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/steta.pdf[2017]